# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 декември 2002 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Четвртата седница на Собранието на Република Македонија и тоа по точката 2.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Благоја Гешоски и Ванчо Георгиев, ме известија дека се оправдано отсутни и нема да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со општиот претрес со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г. Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, кога ќе се погледне дел од она што е направено во претходните четири години со државните пари, со граѓаните на Република Македонија, ќе се свати дека ВМРО-ДПМНЕ не ја напушти собраниската сала заради револтот на коалицијата на СДСМ со ДУИ. Туку, од срамот да присуствува на седница, ако го имаат, кога се расправа за ребалансот за оваа година или за Буџетот од идната година. А, дека не се секираат многу за државните пари, научени дека до нив лесно се стигнува, покажува и фактот што некои пратеници од ВМРО-ДПМНЕ или бивши министри дојдоа само да ги стават картиците и да ги земат дневниците за денешната работа. Сепак, би сакал да кажам неколку коментари во однос на буџетот.

Ребалансот на Буџетот е економски инструмент за корекција на предвидувањата за текот и обемот на јавните приходи и тоа е нормална работа кога работите предвидени на почетокот на годината не одат онака како што треба.

Предлог ребалансот на Буџетот на Република Македонија во овој момент што се наоѓа пред пратениците, може да се смета за изнуден потег на

новата Влада, бидејќи доаѓа само по неполни два месеци од нејзиниот избор и е резултат на затекната состојба или подобро кажано пустош во државната каса. Искуствата од секоја нормална демократска земја говори дека изборната година е година кога Владата не штеди средства во реализација на одредени проекти кои би донеле политички поени пред секогаш неизвесното, доколку оваа година имаше такво соочување со гласачите. На она што очигледните случаи на Република Македонија, а во режија на поранешните властодржци, за кои ние како тогашна опозиција, постојано укажувавме и предвидувавме, е далеку од она што претставува прифатливо односно толерантно ниво на предизборна неодговорност со знаци на наводници за една нормална демократска држава.

Овде мора да се напоменат уште две работи. Претходната влада, претпоставувајќи дека согласно Охридскиот Рамковен договор некако изборите ќе бидат во јуни, Буџетот го проектираше само за до јуни. Кога потрошија во јуни, направија еден ребаланс за да ги покријат дупките за до септември. Потоа, го раскинаа договорот со ММФ и Светската банка, бидејќи мораа да ги трошат државните пари за предизборни лажни ветувања, се со цел да нема некој контрола во Буџетот на Република Македонија. Немањето усул при трошењето на средствата собрани и од онака скоро пресушените извори на јавни приходи можеби се манифестира на повеќе начини. Но, секогаш има исти последици. Држава со празен Буџет и поединци со преполни приватни џепови, а некои од нив ги гледаме. Од она што досега можеше да се забележи, кога се зборува за расипништвото, се мисли на скапи инвестициони потфати, без никаква општествена и економска одговорност. Изградбата на спортските сали  е еден пример само за тоа. Затоа, во ставката за Агенцијата за млади и спорт мора да се надополнат 88 милиони денари. Или пак со никаква употребна вредност, монтажни амбуланти, мостови кои се распаѓаат при првиот посилен ветер. Посебен пример е проектот Дојранско Езеро. Очигледно, некој се решил со цел да ги добие гласачите од одреден регион да инвестира или да даде лажни ветувања, па сега мора да се покријат 200 милиони денари, а таму вода никако да протече.

Луксузирањето од типот набавка на нови службени возила или поточно грандиозни џипови и канцелариски мебел, реновирањето на просториите на Фондот за здравство, каде своја удобна канцеларија добил дури и шоферот на сега веќе поранешниот директор Војо Михајловски, илјадници мобилни телефони и милионски телефонски сметки и службени ручоци или гозби, кои според износот на наплатените фактури, веројатно, дека траеле 7 дена и 7 ноќи. Класична злоупотреба на јавните

фондови за остварување на лични интереси, како што е најсвеж примерот со приватизацијата на НИП "Нова Македонија", со пари, кои што како што покажува истрагата водат потекло од наменски издвоените средства од државниот буџет за преквалификација на работниците на овој некогашен македонски гигант. За Министерството за образование доста време посветував во претходниот мандат, сега би го прескокнал.

Понатаму, и покрај јавно искажаната грижа за статусот на припадниците на безбедносните сили или постојано најавуваното национално единство, веројатно, во предизборна трка за полнење на сопствените приватни партиски џепови, несвесно дозволија акумулирање на огромни обврски на име неисплатени плати и надоместоци под мотото национално единство, со што директно придонесоа за загрозување на социјалната положба на овој многу значаен сегмент на државниот апарат.

Огромните напластени обврски кои како подарок се добиени од претходната Влада, се нешто со што новиот владин кабинет мора во најскоро време и без одлагање да се соочи.

Ребалансот на Буџетот ќе овозможи дел од овие долгови да бидат покриени, со што државата ќе го зачува својот кредибилитет и угледот во државата. Во таа насока она што треба и мора да се стори е виновниците, за благо кажано расипничкото и неодговорно однесување кон јавниот денар, да се изведат пред очите на правдата, при што имотната корист стекната преку матните зделки со државни пари, ќе биде предмет на земање и враќање во рацете на вистинскиот сопспственик тоест државата односно граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Збор има господинот Коста Прешоски.

**КОСТА ПРЕШОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, дами и господа пратеници,

На денешната седница пред нас е Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година. Ќе се задржам накратко за моите размислувања и согледувања за причините, за големиот

дебаланс меѓу приходите и расходите во државната каса и моите очекувања со овој ребаланс.

Со внимание го следев излагањето на министерот за финансии и забележав неминовност и спремност со овој предлог да се разреши проблемот со направените дубиози на Буџетот, како единствена алтернатива 25 дена пред истекот на оваа година. За зголемување на обемот на Буџетот за 2002 година и ребаланс на истиот немаше да има потреба тоа да се направи во така широки размери ако претходната власт не се однесуваше толку расипнички кон трошењето на планираните државни пари и не преземеше дополнителни непотребни финансиски обврски, кои што намерно ги направи. Како на пример, голем број на ново вработени во државни јавни институции, ненаменско и неконтролирано трошење на средства скоро во сите ресори, посебно во социјалата итн. Особено, тоа дојде до израз во периодот од пред и после изборите, во еден период на безвластие кога Владата на заминување се покажа дека има кондиција и негативна енергија во континуитет да ја докрајчи националната економија, националното богатство и да го раскрчми буџетот. Тоа го направија тие што се во позиција, односно тие што денес ги нема во собраниските клупи и кои, замислете, со каков цинизам, слушам овие денови, дека ние сме виновни за економскиот хаос, а утре сигурно ќе слушнеме дека сме виновни за финансискиот хаос во државата.

Новата власт направи пресек односно ренгентска слика за состојбите во кои ја затекна земјата. Јасно е дека криминалот ги има нападнато сите витални органи на државата, со што, покрај другото, направи и тешки оштетувања на државниот буџет т.е. остави вистински пустош во државната каса. Дубиози можат да се забележат во секој ресор. Состојбите не се ниту малку подобри ниту во фондовите и јавните претпријатија. Така, се е јасно дека минатата влада, практижно го избрка ММФ и не склужи аранжман, за да може безмилосно да троши буџетски средства без никаква контрола ни ограничување од никого. Но, сепак, предложените краткорочни мерки ни даваат верба и оптимизам дека ќе се надминат настанатите проблеми во буџетот. Со ребалансот ќе се санира сегашната состојба на Буџетот и донекаде ќе се ублажат финансиските последици за идната година.

На крајот, се надевам дека сите тие што неодговорно и расипничко се однесуваа кон државните пари, ќе одговараат за тоа што го направиле.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Збор има г. Игор Ивановски.

**ИГОР ИВАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Ќе бидам сосема краток, иако расправаме за една многу суштествена и важна тема, со оглед на тоа дека првиот дискутант даде и конкретни примери, денес ние се наоѓаме пред едно нужно зло. Една изнудена ситуација да вршиме по втор пат, во овој состав по прв пат, ребаланс на Буџет, како констатирање на една наследена состојба. Јас не знам зошто, иако времето беше кратко и ги уважувам сите забелешки дека немавме доволно време да ги анализираме конкретните позиции, да навлегуваме во детална анализа, но искрено очекував во вчерашниот ден да биде свикана, иако по итна постапка го носиме овој ребаланс, Комисијата за финансирање и буџет, каде што би можеле да ги разгледуваме и овие работи. Таа беше завчера усвоена, едноставно таа требаше да го даде своето мислење и да предложи можеби одредени пропратни мерки за усвојувањето на овој ребаланс.

Политиката на буџет или политиката на трошење на јавните финансии е многу важна работа во една економија, посебно во сиромашна држава како Република Македонија со оскудни средства. Таа, иако во изминатиот период е извршен уште еден ребаланс, најмалку што можеше и во тоа време да се констатира дека има развојна компонента. Најмалку што можеше да се констатира е дека има социјална компонента, но многу лесно и многу експлицитно да се констатира дека има политичка компонента. И, тука, едноставно може да се потенцира и да се каже во интерес на јавното објективно информирање дека со буџетот се трошат парите на граѓаните и ништо повеќе. Или пак, се трошат парите со кои се задолжува Република Македонија, а всушност треба да ги враќаат сегашните и идните генерации. Ние, воопшто, едноставно зошто вршиме ребаланс и како го вршиме. Јас како пратник ќе гласам во ваква ситуација за ребаланс на буџетот, но една едноставна причина да не влијаеме дополнително на блокирањето на Владата и нефункционирањето на Република Македонија. Но, притоа треба да извлечеме одредени поуки. Всушност, зошто е дојдено до овој ребаланс и покрај првиот на 27 јуни, ние со овој ребаланс превидиме дефицит 8 или 759 милиони денари. Страшна сума за Република Македонија. Можеме слободно да констатираме

дека тука е направен, слободно ќе го кажам овој збор, криминал. Тоа, од една проста причина, што Владата безмилосно трошела пари од граѓаните. Знаеја дека ги нема, направија ребаланс во јуни, за да доведе до одредена граница и да го констатира она што претходно го направила и само во третиот квартал или од 6 до 9 таа ги троши парите, тенденциозно и свесно со политички намери, со политичка позадина, со одредена порака. И, сега, ние се доведуваме во ситуација да аминуваме како нов Парламент, криминал. Министрите, раководителите на државните институции свесно, знаејќи, иако нема одлука на Парламент, бидејќи тоа е клучното, Владата располага со државните пари со одлука на Парламент. Парламентот ги усвојува позициите на буџетот и тој дозволува, влијае или ја контролира потрошувачката на тие пари со одредени позиции. На седницата во средата министерот за финансии даде уводно излагање. Она што јас тогаш очекував да го слушнам, за кое што сакам и понатаму многу повеќе да слушнам, можеби поранешниот министер ќе не информира е дали во тоа трансферирање на парите, кое што се правело во огромен број, огромна маса на пари од позиција во позиција, но уште повеќе и со зголемување на средствата во позициите, без претходна одлука, дали ќе носиме одлуки на Владата за пренамена на средствата. Она за што Владата мора да го направи, за да после бара дополнителна одлука или верификација со ребаланс на Парламентот. Тоа не го слушнавме, но убеден сум дека за голем број на трансфери на средства од позиција во позиција или за зголемувањето на расходите од тие позиции, не се носени, можеби и не е потребно да прејудицираме, но сигурно е дека за тоа ќе добиеме дополнителна информација. Едноставно,  не смее да се дозволи за трошењето на парите на граѓаните дискреционо право да имаат министрите, дескреционо право да имаат раководителите, кои едноставно, главниот контролор и оној кој што дефинитивно треба да кажува како ќе се трошат државните пари и ќе се проектираат, ќе биде Парламентот. Тоа треба да биде и создавање на општи услови не само за овие изминати состојби, туку можеби што е уште побитно кога ќе го усвојуваме и новиот буџет за 2003 година. Во правна држава кога некој што добил легитимитет од народор за да ги троши неговите пари, троши повеќе отколку што има. Се обидував во Кривичниот законик да јадам одредби кои што ги регулираат ваквите состојби, но очигледно е дека кога се пишувал, се претпоставувало дека тоа нормално треба да се прави. Единствено во законот за буџет се наоѓа некој вид на прекршочна постапка, која што и доколку се примени многу слабо функционира.

На крајот, она што денеска ќе го констатираме, без да навлегуваме во детална анализа, бидејќи никаде тоа нема да не доведе, тоа ќе биде едноставно повеќе политичка реторика, но она што е битно, не само за Владата, не само за коалицијата на власт, не е ниту за опозицијата, туку единствено за Република Македонија да извлечеме одредени поуки за минатото, уште повеќе што ќе правиме понатаму. На јавноста да и оставиме една објективна ситуација.

Јас како пратеник ќе гласам за ребалансот на буџетот, реков, од причина што не смееме да дозволиме, ниту Владата, а со тоа државата да биде доведена во ситуација да не може да функционира, но исто така и Парламентот да усвои препорака или некој друг вид на заклучок или некоја друга правна форма, која што ќе ја пропрати таа наша одлука и пред се да побараме од министерот за финансии, надлежните од Министерството за финансии во сите други институции во некои од наредните седници да ни достават детална слика за тоа кој ги пречекори своите овластувања, кој потрошил повеќе пари од она што требало, кој потрошил пари за кои знаел дека ги нема, повторно свесно и намерно, за да едноставно можеби понатаму и со измена на Кривичниот законик, некој за таквата ситуација треба и кривично да одговара.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Замир Дика бара деловнички.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ви благодарам. Сега зборуваме за кршење на законите во врска со Буџетот во изминатиот период. Се разбира, тој што го крши законот, право е да се осудува. Но, доколку ние ги осудуваме оние кои што ги кршеле законите, како што е познато со правилникот за работа на Парламентот член 42, кој што предвидува начин како може да се донесуваат закони и обврска е секој закон да помине низ комисиите на Парламентот, за што треба да се одреди и комисијата за законски работи. Ние ови комисии ги имаме, оваа точка на дневниот ред е поставена, со таа цел по формирањето на комисиите, би требало, пред се, овие три комисии да го разгледаат овој закон, овој предлог закон, она што не обврзува Деловникот, сметам ако некој може да ни одговори, дали ова прашање е разгледувано на ови комисии. Да не бидеме оние кои

се придржуваме кон законите, значи да добиеме информација од соодветните комисии, дали го разгледувале ова прашање и за тоа да расправаме.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Знаете дека Предлогот за измени на Буџетот го гледаме по итна постапка и по итната постапка има поинакви одредби во Деловникот. Кај господинот Замир Дика сум уверен дека и Вие ги знаете.

Продолжуваме со работа.

Бара збор г. Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници од власта,
Веднаш на почетокот ќе истакнам дека принципиелно сум против донесување на закони по итна постапка. Се разбира, од аспект да не дојде до разгледување на нас како пратеници од собраниските комисии. Можеби конкретниот случај би бил контрадикторен, но ја поддржувам потребата од итно донесување на овој ребаланс на Буџетот бидејќи секојдневното одлагање би имало катастрофални последици, се разбира за сите нас, односно граѓаните на Република Македониј. Во сплет на околности ни се укажа шанса два дена да го разгледувам овој материјал и да дадеме конкретни мислења во врска со самиот ребаланс на Буџетот.

Изненаден сум што овие два дена не расправаше матичната Комисија за финансирање и буџет чии претседател е господинот екс министер Никола Груевски, не е свикана, незнам зошто. Јас колку што знам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и Либерална партија се изјаснија декларативно дека на комисиите ќе присуствуваат. Изгледа присуствуваат на оние седници каде што имаат избори и именувања, а ваква комисија не е свикана.

Да ви кажам искрено, лично и не очекував да се свика оваа Комисија, затоа што токму пред таа комисија требаше екс министерот за финансии господинот Никола Груевски, за среќа денеска е тука , требаше да даде одговор на многу прашања, бидејќи за целиот овој период на владеење на ВМРО-ДПМНЕ тој изигруваше “невина душа” а од друга страна токму од почитуваниот министер се направи оваа финансиска хаварија во државата, со огромни последици за сите нас во овој период. Сигурно тој ќе даде образложение за многу работи кои што се

случени во оваа финансиска сфера, а не само оваа година, туку за целокупното нивно владеење. Се сеќавате самите не случајно во јуни прекинаат преговорите со ММФ. Идејата беше перфидно јасна да нема некој да контролира како се трошат државните пари. И го направија тоа. И со благослов на Министерството за финансии, со благослов на премиерот се случи она што ни се случи: огромна финансиска дупка , јас би рекол цел кратер и ние во месец декември да расправаме за контурите на идниот буџет, ние мораме да расправаме сега за ребалансот и за она што ни се случува.

Посебно сакам да истакнам, можеби и ќе забележите дека посебен финансиски упад е направен некаде после 15  септември, односно после губењето на парламентарните избори. Тука финансискиот упад е најголем. Мислам дека минатиот  четиригодишен период бевме ненормална држава уште треба некое незаконско решение  кога се губи власта да има некој акт да се сторнира Владата било каква активност кога ги губи изборите. Јас ќе ви кажам еден случај. Случајно дојдов од една буџетска институција  од Бирото за развој на неразиени подрачја, каде што после 15 сепември  се разбира од Буџетот се префрлени средства 240 милиони денари, некаде 8 милиони марки  од страна на министерот со потпис потрошени и префрлени средства на фирми блиски до владеачката структура, се разбира со измислени временски ситуации, на неизградени објекти. Тоа е еден сегмент. Истото биро имало на располагање 650 милиони, потрошени се пред 15 септември и се прави упад  по 15 септември , се префрлаат 240 милиони, под капа на Министерството за финансии. Се разбира немојте да мислите дека случајот е подобар во други министерства. Тоа било и во Министерството за транспорт и врски во  Министерството за образование и тн. Јас би бил среќен да ви кажам искрено дека оваа што го предложи минатата седница министерот за финансии Петар Гошев дека овие се дефинитивни состојби проектирани. Дека онаа проекција на раст на бруто општествен производ од 3% што го предвидуваме е реално остварливо што ќе се движи тој раст на 0,5% и дека овој дефицит што се предлага ваков и ќе остане. Соте ќе бидеме среќни во несреќа, бидејќи  имам сомневање уште што нема да се открие во овој период. Сите министерства немаат пресек што е се потрошено. Сигурно ќе се јави уште поголема дупка , да не се случи повторно да расправаме за оваа проблематика.

Во однос на мерките што ги предложи министерот за финансии да излеземе од овој ќор сокак мора да се најдат извори оваа финансиска хаварија да се избегне едноставно и во тој дел ги поддржувам истите мерки, пред се би истакнал, во

фискалната политика. Да ви кажам искрено можеби ќе забележите дека оваа фискална политика во овој период со губењето на власта фискалната дисциплина не е на највисоко ниво. Тие коментираа кога дојдоа на власт да не ги плаќаат државните давачки. Во тој сегмент мора повторно да се води сметка на прибирање на даноците и царините како извор за покривање на овој јаз, понатаму, нормално се согласувам за користење на денарските и буџетските депозити во Народната банка, се разбира во разумно ниво, да не дојде до пореметување на некои други кои што би можеле да настанат. Можеби за следниот буџет ќе биде како извор, оние пари што се префрлени на разно

Разни фирми од владеачката гарнитура да си ги повратат навреме, бидејќи ги имаат земено во свои сопствени џебови во овој период карикиран, но сигурно во наредниот буџет како ставка ќе придонесе за се разбира за контурите на тој буџет.

На крајот, ќе гласам за овој ребаланс на буџетот за да излеземе од ова што не снајде, од ова што го направи претходната Влада.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на господинот Арсовски.

Има збор господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван пртседателе, почитувани пратеници,

Јас имам конкретен предлог во врска со оваа расправа во Собранието. Конкретно, согласно член 119 од Деловникот за работа на Собранието, сакам да предложам ова Собрание денеска во врска со оваа расправа, нормално ние ќе гласаме за измените на ребалансот на Буџетот, меѓутоа предлогот се состои во тоа Собранието денеска да донесе еден заклучок со кој ќе ја задолжи Владата на РМ да изготви една конкретна информација во врска со реализирањето и извршувањето на Буџетот, посебно со нагласка, оваа информација би имала за цел да се утврдат сите оние позиции и ставки кои се пречекорени, односно, конкретно колку се пречекорени.

Во прилог на ова го давам следното образложение: самиот факт што денеска на дневен ред е ребаланс на Буџетот, тоа значи покривање на одредени финансиски дупки во самиот буџет при прераспределба на средствата, меѓутоа тоа не значи покривање на евентуално можна кривична одговорност и евендуално други прекршоци, или можни злоупотреби, се разбира, доколку во законите постои стапка и од соодветни надлежни институции да се утврдат, доколку вакви злоупотреби се правени.

Значи, оваа информација понатаму би користела, како на Собранието, така и како еден преглед и патоказ за работата на други институции во оваа држава, пред се мислам на институциите на правосудните органи, кои би се занимавале со евентуалните можни злоупотреби доколку се направени ваквите пречекорувања.

Исто така, овој мој предлог има и законска основа, бидејќи согласно Законот за Буџетот на Република Македонија, членот 33. Законот вели износите и трошоците утврдени со годишниот буџетски документ, се сметаат како максимални износи и над овие износи не можат да се преземаат никакви обврски . Овој е членот 33 од Законот за буџет и е материјална одредба на овој закон.

Меѓутоа, на крајот на овој закон треба да се читаат и казнените одредби. Членот 70 од истиот закон вели дека одговорните и раководните лица доколку се утврдат вакви злоупотреби подлежат на соодветни парични казни, односно санкции. Меѓутоа, наредниот член 71 од казнените одреддби вели дека доколку одговорноста за сторени прекршоци значи во врска со претходниот член 70 се утврди повреда на одредбите од овој закон, повлекува и соодветна кривична одговорност за одговорните лица односно функционери на оние установи, институции кај кој евентуално е се утврди пречекорување на Буџетот. Значи законодавецот не само во кривичниоот законик предвидел одговорност како злоупотреба на јавната функција и службените овластувања, туку и во конкретниот закон за буџет, во казнените одредби стојат и основи за одговорност, прекршочна одговорност за правните лица и конкретна кривична одговорност за службени лица, односно претставници на соодветните институции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да продолжиме со работа, би го замолил господинот Кондарко со оглед дека даде предлог до Собранието, се повика на член од Деловникот кој го регулира работењето на работните тела, комисиите на Собранието, а не на Собранието, со оглед дека има доста дискутанти, би го замолил доколку има предлог да го формулира во текот на седницата, но да се однесува на Собранието а не на работните тела затоа што сега заседаваат работните тела.

Продолжуваме со дебата.

Има збор господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван господине претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, претставници на Владата, медиумите, дами и господа,

Иако пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ одлучин во знак на протест заради внесување на терористите на ОНА во Владата, односно нејзините институции да не присуствуваат на Собранието на Република Македонија во ноември и декември оваа година, сепак заради сензибилноста на прашањето кое што денеска е на дневен ред одлучив да направам еден исклучок и да се појавам на денешната седница да расправа за ребаланс на Буџетот.

Најпрвим би сакал да кажам дека ребалансот е нешто што требаше да се случи и што го планиравме и ние, доколку исходот на изборите беше поинаков. Најмалку заради резервистите во одбраната и полицијата, односно безбедноста на државата за присилно раселените лица,но и за другите категории, каде што се јавуваат кусоци во Буџетот, најчесто заради непредвидливи или тешко проценливи ситуации, за кои што подоцна ќе стане збор.

Со други зборови, доколку не беа изборите, и престанувањето на неработење на Парламентот, веројатно овој ребаланс ќе се најдеше во Парламентот кон крајот на септември или првата половина на октомври. Во две исклучително тешки години за Македонија од безбедносен и од воен аспект, како и во секоја друга држава во состојба на војна, не прогласена, но фактичка, или прва повоена, но исклучително турбулентна година со многу убиства, терористички напади и до 15 септември секојдневни киднапирања и напади на полициски станици и други објекти и лица, неизвесна е една поголема мобилност на Владата и Парламентот во одржување на една одржлива фискална и макроекономска рамка., користејќи ја можноста за двојно ребалан сирање на буџетот.

Останува само да се надеваме дека слдените години ќе бидат многу помирни од политичко безбедносен аспект, па така и полесно предвидливи за планерите на Буџетот.

Се добива впечаток дека со овој ребаланс Владата не само што сака да ги реши акутните прболеми, туку сака да ги исплати сите заостанати долгови, или најголем дел од нив.

Вообичаена работа е во секој буџет, во секоја држава да се пренесуваат обврски за следниот период. Очигледно е дека во случајот на овој ребаланс, кој министер колку пари побарал и колклу му требаат добивал со овој ребаланс и дека новата влада сака без било каков долг да ја започне следната 2003 година. Од една страна тоа добро затоа што догодина откако сега ќе се расчистат сите стари долгови, тешко дека било кој ќе прифати образложение од Владата дека за се нешто е виновна претходната влада.

Од друга страна ова е лесно искористување на заштедите на девизните резерви и депозитите на државата кај Централната банка, затоа што директно или индиректно со влечење на ликвидноста на централната банка, со цел да се избегне притисок врз курсот и стабилност на денарот, што веројатно ќе дојде кога ќе почнат да се влечат пари од стабилизционииот фонд, или други депозити на државата, на брзина да се решва еден проблем со тешко стекнатите заштеди од претходната влада. Ова е под претпоставка дека зголемената ликвидност ќе се апсорбира со интервенции на Централната банка, преку продажба на девизи на девизниот Пазар и преку девизните резерви, а доколку се оди со зголемување на каматите на Централната банка кој патем речено веќе во последните две недели се зголемија над 14%, последиците се исто така големи за стопанството кое тешко ќе зема кредити и ќе ги зема со повисоки камати, што пак директно ја намалува нивната конкурентност на моќ, што директно влијае на идните приходи на Буџетот, девизните резерви, извозот и конечно стадардот на населенниeто.

Сето ова имплицира на заклучок дека некои кусоци кои не се од битен карактер можеби може да се пренесат за следната буџетска година, каде што со заштеди од таа година би се поделил товарот и би се избегнала повисока цена што ќе е плати одејќи по сегашната политика, која патем речено има и валутен ризик.

Да ве потсетам дека кога во 1998 година ние го наследивме Буџетот од претходната влада, дупката во Буџетот, како што милуваа да се изразат многу презентери и толкувачи на економските состојби, беше неспоредливо поголема од кусокот кој се јавува сега. Но минатата Влада, тоа го амортизираше по постепено и конечно во 2000 година, кога се оствари суфицит се покрија најголемиот дел од претходните плусоци и недостатоци, или дупки како што сериозно звучи за нечие уво.

За несреќа дојде војната, која неизбежно носи ново дефицити, како во воената година, така и подоцна. Според ова, се чини постои друг пат за надминување на дефицитот во еден буџет. Пат по кој би се направило многу поефтино решавање на дефицитот. Малку понапорен, но дефинитивно поефтин за одржување на девизните резерви и депозитите на Владата.

Почитувани пратеници, би сакал да ве потсетам дека и во овој случај и овие мерки се потпираат на огромните заштеди што ги направи претходната влада. Да ве потсетам дека за решавање на овој дефицит ќе се користат прво средства од депозитите на државата. Најверојатно стабилизациониот фонд, кој минатата влада

го зголеми од околу 4 милијарди на 8 милијарди денари за 4 години, односно за само 2, бидејќи за време на војната стагнираше неговото полнење.

Второ, средства од Телекомот кои се заштедени и не се потрошија целосно.

Трето, средства од девизните резерви со кои најверојатно ќе се апсорвира големата ликвидност на Буџетот во декември, резерви кои претходната Влада ги зголеми за околу еден ипол пати, или за повеЌе од дупло. Тоа се изворите со кои што ќе се покрива овој дефицит. Значи, за покривање на зголемените трошоци на овој ребаланс се користи дел од големите заштеди што ги направи минатата Влада во минатите 4 години кои се неспоредливо поголеми од заштедите на претходните влади за период од 8 години. Дали овие заштеди во период на една војна и една Косовска криза беа направени со недомаќинско работење и неодговорност? Оставам да пресуди јавноста.

Кога сме веЌе кај слободите на финансискиот систем, да Ве потсетам дека за овие 4 години покрај многу успешни проекти и огромен број законски акти од финансиската област изградивме еден исклучително модерен трезорски систем за кој ги добивме највисоките оценки од сите релевантни институции и експерти, го воведовме ДДВ, подобривме многу делови од Законот за данок на добивка и персонален данок, воведовме и применивме присилна наплата за неплатени даноци со процедура од помалку од еденмесец, ја подобривме буџетската процедура во соработка со Светската банка, ги заостривме правилата во извршувањето на Буџетот, едуциравме во странство еден куп луѓе кои денес и на новите министри им кажуваат во кој правец да ги вршат натамошните надградби и подобрувања на системот. Проверете ги оценките на ММФ од месец јуни за трезорскиот систем, или на Светската банка за буџетскиот процес за да видите дали зборувам напразно. Ми се чини дека многу лесно почнува некој да плука на историјата и на сработеното. Некој премногу надмено го прави тоа изговарајќи ги зборовите: слаб финансиски систем и слично. По некогаш е подобро човек најпрвин да направи некој крупен проект, или барем неколку такви, па да се охрабри, да плука на претходно стореното. Ние сме свесни дека има уште простор за изградба на системот. И се надевам дека новата Влада тоа успешно ќе го прави како и следните влади по неа. Тоа и нејзиното домаќинско работење ќе го видиме по некој извесен период. Понекогаш како што и самите знаете не е доволно да се изгради само добар систем. Потребно е време тој да се апсорвира и целосно прифати и почитува во свеста на луѓето. Немојте да бидете убедени дека ако досега некој направил по некоја грешка, пропуст, бил недисциплиран или

покажал друг вид на слабост, дека така брзо и новите луѓе во власта ќе се научат и убедат успешно и крајно прецизно да ја прифатат и спроведат секоја убаво замислена мерка, особено што многу од луѓето во сегашната власт врз кои треба да се доизградува системот се докажаа во минатото во својата најблаго кажано неконцентрираност. Но, да го оставиме тоа и да се вратиме на неколку пункта во ребалансот.

Почитувани пратеници, иако потрошувачката, извршувањето на овој Буџет беШе околу 84% на 31 октомври о.г. што е речи се идеална потрошувачка на постоечкиот буџет. Сепак, има неколку кусоци кои се предмет на овој ребаланс. Значи дел од овој ребаланс се однесува на работи кои тешко можеле да се предвидат, или воопшто не можеле. Така да кажеме 900 милиони денари за резервисти и неколку стотици милиони за раселени лица. Во октомври минатата година во времето кога сеуште постоеше таканаречената голема коалиција, се правеа проценки за безбедносната ситуација. Тогашните проценки беа дека војната и постовоените конфликти и терористички напади ќе престанат многу порано отколку што тоа се случи. Такви пооптимистички проценки се даваа и подоцна во април и мај кога го подготвувавме првиот ребаланс и го испративме во Парламентот. Не можат да се обвинат буџетскит епланери кога воените и безбедносните стратези не планираа дека точно до 14 септември земјата ќе биде под жестока тензија и напади од терористите кои денеска како дел од Владата не слушаат овде и се потсмеваат на нашите расправии околу трошоците што биле потребни за да  ги донесеме во Владата. Така, сосема нормално заради безбедносни проблеми мораШе да се одржи повисока воена и безбедносна готовност, а тоа чини пари кои ние како што кажав планираме да ги решиме со ребаланс. Кој може да и гарантира на новата Влада дека оваа проценка за безбедносната ситуација Што ја има сега ќе биде финансиски прецизна, или пак некој може би може, ќе видиме.

Второ, активирани гаранции 447 милиони денари за тутунот. Обично во буџетите се планира износ за покривање на вакви случаи. Но, овој пат повторно непредвидено износот е многу поголем од вообичаено. Гаранции и други трошоци за тутунот во Македонија имало пред 1998 година, а ќе има и во иднина. Се' додека генерално и стратешки не се реши ова прашање што воопшто не е лесно кога човек длабоко ќе навлезе во проблемот, во понудата и побарувачката на светскиот пазар на нашите сорти тутун, во цените на домашниот и светскиот пазар, во состојбите на тутунските производители и неодминливо во бројот на

семејства кои од ова се оздржуваат во Македонија. Овој проблем најдобро ќе го почувствува Владата во Јануари следната година кога ќе почне откупот на новата реколта. Сепак, за овие издадени гаранции, или други форми на подршка, обезбеден е залог на тутун од страна на Бирото за стокови резерви во соодноснајчесто 1:2 кој еден ден ќе се продаде и тоа ќе биде тогаш вонреден приход на Буџетот.

Беа споменати 340 милиони денари судски решенија. И ова се ситуации каде нема добри и лоши планери. Никој не може со голема прецизност да испланира кога и како ќе заврши одредена судска постапка. Па така некоја година ни останува дел од предвиденит еапри за такви намени во Буџетот, а некоја година имаме кусок кој се решава со пренамена, ако е помал, или со ребаланс ако е поголем.

Во делот на стоки и услуги се вкалкулирува и плаќањето на неплатена воена опрема во износ од околу 500 милиони денари. Да појаснам, дека се работи за набавка на 30 тенкови од типот Т-72 набавени во октомври 2001 година за кои по предлог на претседателот Трајковски Одлука за  набавка донесе Советот за безбедност и подоцна и Владата. Со тоа што усниот договор помеѓу нашиот и Украинскиот претседател беше 30% да се плати во кеш што ние и го направивме тогаш, а остатокот од 70%, односно овие 500 милиони да се платат со тутун. Имаше  добра волја од Украина, испрати луѓе се' се договори, се направија мерења, сортирање, обележување, се направи Договор за купопродажба кој го прифати и Владата. Но, Украинците после една година се обидува да го продадат тутунот и да го впаричат, констатираа дека не може и побара од претседателот, а тој од Владата, некаде околу изборите, остатокот да се плати во кеш. Инаку тоа би ги влошило односите со Украина. И што сега можат да направат планерите на Буџетот кои денес седат во оваа сала освен да му предложат на министерот да ги стави во ребалансот зза да се платат. Ама тоа не значи дека Владата недомакински работела, или имало лоши планери. И тоа беШе дел од битката за човекови права во Македонија која траеше до 15 септември о.г., а не знаеме дали некогаш ќе се репризира. Но, што да се прави почитувани пратеници, старо правило е дека по војната се јавуваат многу нерои.

Да не должам многу, да не споменувам дека при секое трајно, или привремено затворање на тежок загубар нормално е да се покачат трошоците за социјални работи и уште куп други работи, како што се намалените приходи во Буџетот во ноември за над 20% од планираните или околу 1,2 милијарди денари изразено во

пари кои исто така се вкалкулирани на контото на недомакинското работење на минатата Влада. Се надевам дека доколу се појави таков голем кусок што не би го посакувал и во декември о.г. чија големина се мери само со месеците кога имавме најжестока војна во земјата, дека и тоа нема да го препишете на старата Влада.

Би сакал да ја поздравам најавата за промена на неколку закони. Тоа навистина е добар потег. Тоа се пред се' законите кои се јавно објавени во програмата на Министерството за финансии во месец март и кои во најголем дел се подготвени, а се чекаше формирање на нов парламент. Па така постоечкиот Закон за стокови резерви кој патем речено е направен и донесен во времето на СДСМ треба целосно да се смени. Ние го одбравме словенечкиот модел кој е нов, модерен и прифатлив за Европската Унија. За таа цел дури некои скперти од Министерството за финансии заминаа во Љубљана за разјаснување на некои одредби од Законот. А Предлог законот беше и на седница на Владата, но се врати заради некои доусогласвуања со Министерството за економија. Постоечкиот закон за Буџет можеби не би требало да трпи измени, бидејќи во Министерството за финансии уте во јули е речиси завршен нов модерен закон за јавни финансии кој го опфаќа Законот за буџет со одредени подобрувања, но е и многу посеопфатен, па така го регулира и ограничува и надворешното задолжување и неколку други досега неопфатени проблематики.

Ја поздравувам намерата на министерот за донесување закон за депонирање државни пари во деловните банки. Иако личнам мислам дека подобро ќе биде ако оваа проблематика се обработува во гореспоменатиот закон за јавни финансии за што се разбира ќе одлучи министерот за финансии, Владата и се разбира Парламентот.

Почитувани пратеници, ние од опозицијата  сме силно заентересирани да ги подржиме сите ваши проекти со кои дополнително ќе се зајакнат јавните финансии. Но немојте да верувате дека оваа Влада е прва и последна која Ќе го прави тоа, ако го прави. Тоа е процес кој сеуште се надградува дури и во земјите на Европската Унија и САД. Прашајте го САД колкав дефицит имаа оваа година заради нападот на една земја која е чиста пустиња и заради подготовка за една нова земја.

Одговорот на министерот пред два дена остана прилично нејасна една од трите мерки на Владата за покривање на дефицит на Буџетот. И тоа е онаа првата на која се обрна најмногу внимание, а  тоа е позасилената наплата на даноците и продажба на стратешки резерви кои се непотребни во моментов и со

тоа покривање на значаен дел на дефицитот. Мислам дека и самиот е свесен дека што и да направи и за наплата на даноците и за продажба, за 20 дена тешко ќе може да се види некој посериозен ефект. Отука верувам дека тој сепак мислел и очекувал подолгорочен ефект од оваа политика на која и ние и посветуваме значајно внимание и имавме сериозен прогрес. Засега се чини целиот товар ќе падне на денарските заштеди во Централната банка и девизните резерви за кои пред малку зборував и кои значително и неспоредливо со првата Влада на СДСМ ги зголеми Владата на ВМРО-ДПМНЕ. При што морам да напоменам дека ако не се направи добра координација на мерките со Централната банка, постои голем ризик за курсот на денарот.

На крајто би сакал да споменам за уште неколку кажувања што беа тука, дека сме го избркале ММФ.

Почитувани господа, преговорите за ангажман со ММФ започнаа во мај и јуни минатата година и како што кажав г-динот Развадоцки на прес-конференцијата, тие започнаа и требаше да завршат во октомври. Ако Вие велите дека ние намерно сме ги избркале затоа што во јуни не сме го склучиле аранжманот, тоа е исто како сега ние да кажеме дека Вие во ноември ги избркавте за да направите ребаланс онаков каков што сакате. Понатаму, беше поставено прашањето дали пренамените што се правени во изминатиот период се пренамени за кои што одлучувала Владата. Не само што сум сигурен во тоа дека Владата одлучувала за сите пренамени затоа што присуствував на Владата, туку сум сигурен и по тоа што во Министерството за финансии има механизам во кој што ниту еден вработен не би потпишал исплата за некоја пренамена доколку нема одлука на Влада.

последна работа, како што кажа г-динот Кондарко прочита една одредба од Законот за Буџет во која што е наведена кривична одговорност доколку некој прекршува одредени одредби од Законот за буџет. Само да ве потсетам дека оваа одредба беш прифатена во Парламентот во Законот за буџет по предлог на минатата Влада.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Ги молам сите пратеници кои користат мобилни телефони во салата, а не сакаат од тие услуги да се откажат, барам нека ги стават на тивко да ѕџонат.

Господинот Јани Макрадули има реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, драги колеги, го ценам тоа што г-динот Груевски го прави исклучокот и присуствува тука. Гледам дека бројот на министри се зголемува. Но, да Ве уверам дека исклучок прават и сите оние што ставаат картици за да ги земат дневниците, без да имаат осет, додека граѓаните на Република Македонија да одвојуваат од своите даноци за да некој дојде тука и да ги земе дневниците. ивното присуство и нивниот исклучок е ист.

Зборувавте за големи проекти. И ние зборуваме за големи проекти и за планери. Спортските сали. Колку пари потроивте на медиумска кампања и на спотови дека се изградени 35 спортски сали, а сега мора да се покриваат дупките. Колку железо стои во складиштата, во царинските складишта во Македонија чекајќи да се направат тие спортски сали. И каде се тие спортски сали. Единствено што направивте, им го изрушивте игралиштето во Ново Лисиче.

Птоа, зборувате за заштеди. 20 илјади евра ручек. Киднапираните ли ги баравте, човековите права ли ги баравте, па потрошивте толку пари 20 илјади евра. Единствената заштеда Што ја правевте е врз база на неисплатени обврски што се насобраа. Со неисплатувањето на обврската се наталожи целата таа заштеда Вие што ја викате. Под закрила на националното единство повторно ги спомнувате резервисти, повторно потсетувате на некои работи. Зоштоне ги исплатувавте редовно? Единствено прашање, зошо толку сте загрижени за нив, а нередовно си ги исполнувате сите обврски што ги имавте спрема нив. Се согласувам, и Америка има корупција, и Америка има дефицит. Дај Боже да живееме како во Америка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Груевски има реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Навистина ќе се обидам да не одговорам на некои чисти политички квалификации во стил на предизборна кампања. Меѓутоа морам да споменам дека заштедите не се направени на база на тоа што Вие го велите, затоа што зборуваме за трошоци кои се направени последните година дена. Заштедите направени во најголем дел во 1999 година и во 2000 година. Во 2001 година немаше заштеди, затоа што имаше сериозна војна во земјата која што требаше да се финансира. Слично беше и во 2002 година во која што немаше класична војна, но имаше како што кажав силна турбулентна ситуација и напади секојдневни до

15 септември. Значи зашедите не се направени во периодот кога се направиле некои трошоци за кои што Вие зборувате сега.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Славе Арсовски има реплика.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Јас да спомнам на почетокот, се радувам што е тука. Но, интелегентно одржа еден политички патриотски говор дека било се' најдобро. Не одговори на жешките прашања што е ова што ни се случи, па да издебатираме некои работи, бидејќи сепак се математички бројки, да го видиме дефицитот, а знаете колкав беШе во 1998 година. Бидејки спомнав, неспоредливо сега имаме дефицит од 9 милијарди денари. Споредете, тогаш ние имавме Буџет од 45,46 милијарди денари. Сега имаме Буџет од 70 милијарди денари. Го осиромашивме народот, стопанството. ДДВ ние го предвидовме.

Второ, би дебатирал дека имало злоупотреби. Мерките добро ги изложи министерот за финансии. Веќе во јавноста провејува, Вашиот портпарол излегува и вели дека овие што дојдоа ќе ги изедат девизните резерви. Никој не спомна дека оваа дупка во Буџетот ќе се покрива со девизните резерви. И Вие тоа го истакнавте сега, е сега девизните резерви овие Ќе ги трошат за да го покријат дефицитот во Буџетот, дефицит од 9 милијарди денари и споредувате со 1998 година. Затоа мислам некоректно е на таков начин да се залажува јавноста и Вие да добивате некои поени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор за реплика господинот Груевски од една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Ова е надвор од она што е кажано. Претпоставувам дека господинот не е од областа на монетарната политика, веројатно е нешто друго попрофесија.

Пуштањето на толкав дефицит во последниот еден месец недвосмислено значително ќе ја зголеми ликвидноста во економијата. Доколку нема други интервенции, како што е интервенции на пазарот на Централната банка со девизните резерви, или покачувањето на каматите на Централната банка, што и едното и другото имаат и позитивни и многу лоши ефекти. И ние ги користевме двете, ама за време на војната најчесто. Во тој случај ќе настане инфлација и

веројатно девалвација, што јас не верувам дека е идеја на оваа Влада, или пак можеби е. Од тука го влечам заклучокот дека ако оваа Влада не планира да направи инфлација ќе мора да ја повлече денарската ликвидност од економијата, претпоставувам со двата пазарни инструменти кои што сега се на располагање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој од пријавените има реплика?

Апостоловски има реплика на господинот Груевски.

Имате три минути.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Денес имам прилика да го слушнам господинот Груевски во улога на министер за финансии, што значи очигледно сеуште не сфатил дека изборите завршија и е обичен пратеник како сите нас.

Репликата е упатена на трошоците за судски пресуди. Се изјасни господинот Груевски дека не можеле да се предвидат трошоците за судски пресуди. Јас ќе го прашам за она што лично сум го видел.

После 15 септември даде одобрение за нови вработувања претежно во образованието. И тоа ги даде одобренијата поименично, по име и презиме, а потоа се распишуваа огласи. Сите овие огласи ќе завршат на суд и пресудите ќе бидат негативни. Затоа пак ќе се зголемат трошоците за судски пресуди.

Мислам дека една сериозна Влада, еден сериозен министер за финансии тоа не може да си го дозволи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Груевски имате збор за реплика од една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Ова е надвор од темата за која што денеска расправаме, ребалансот. Затоа дали се давани одобренија со име и презиме зависи како се давани меѓутоа ќе одлучат судовите дали треба да се поништат или не. Тоа е сосема надвор од контекстот за кој што зборуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со расправа.

Ќе ве молам реплики да има, за оние кои бараат прв пат на некое основно излагање. На репликите кои се даваат на други пратеници нема да дозволам реплики од пратеници . Мислам ако барате реплика на ова излагање на господинот Груевски не ви давам збор.

Продолжуваме со расправа.

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Господине претседателе, почитувани министри и колеги.

И минатиот пат кажав и сега ќе кажам - подолго време сум во Парламентот, не сум доживеал ваков случај по една ваква многу важна работа, а тоа е Буџетот на државата да се донесува експресно, брзо, итно без да помине прво низ матичното телот а тоа е Советот за финансии.

Второ, Законодавно-правната комисија која би дала оценка дали е тоа во согласност со законите, па и ако сакате секогаш низ Советот за економски прашања. Тоа да помине низ тие совети не ја загрозува итноста од донесување. Тоа е работа од еден ден, или пола ден. Затоа ќе имаме еден Буџет кој ќе биде претресен на советите кои што само можат да ни помогнат тука да водиме една многу постручна и поквалитетна дискусија.

Втора работа на која што сакам да укажам е тоа што после излагањето на министерот за финансии се јавив процедурално да замолам да се симне дискусијата, излагањето на министерот од стенограмот за да можеме излагањето да го проучиме, да го прочитаме, да го анализираме затоа што доаѓа излагање од најодговорниот човек во Владата, во државата по прашањето на финансиите. Вие ни дадовте знак дека е тоа завршено и не ни овозможивте.

Јас се трудев нешто да запамтам од тоа излагање. Се трудев да ги видам приините зоШто доаѓа до ребаланс на Буџетот, зошто доаѓа до дополнување и промена на Буџетот, каде и во кој правец треба да се обезбедат дополнителни средства, како и некои мерки што ќе се преземат за да тој Буџет се оствари сега во еден нов обем од 4,4 милијарди денари.

Имав прилика да чујам дека во вакво својство на позиција на власт, за прв пат министерот истапува пред Парламентот, а посебно во својство на министер за финансии, а досега воглавно заендо со него сме биле во ситуација да ги оцунуваме

и расправаме предлозите, решенијата, одлуките на разни влади. Тука гледам дека се разви голема дискусија како тоа да се доаѓа до ребаланс на Буџет. Не памтам ниедна година ние да не сме имале ребаланс на Буџет. Некогаш тој дефицит бил поголем, некогаш помал. Можби некогаш имало случаи да има и суфицит, но тоа е реликт, реткост. Според тоа тоа е една појава која барем нашиот Буџет го следи близу 40-тина години. Тука не може да се прави од тоа сега политички настани и политички процеси, затоа што овој процес во главно се повторува. Секогаш кога ќе дојде нова Влада таа ја напаѓа претходната Влада дека го испразнила Буџетот, дека направила големи злоупотреби, дека таа Влада треба да биде на одговорности. Јас не тврданм дека тоа не е така. Јас не тврдам дека има пропусти, дека има злоупотреби, дека има поголема потрошувачка отколку што се предвидени приходи, меѓутоа јас тврдам дека ние не сме изградиле механизми таквите појави да ги спречуваме. Ништо нас не ни значат вакви партиски маркетинзи без докази, без една работа која не е до крај проучена, испитана, анализирана и лично нас не ни придонесува и како народ и како држава и на Парламент ако ние не ги согледаме правите причини зошто не ни се остварува Буџетот, зошто ни се појавуваат вакви појави, дефицит, кои се мерките, формите, начините и методите да можеме да оствариме еден Буџет нормално , да се остварува неговиот обем, да се извршуваат задачите по тој буџет и кои се мерките, формите и методите што треба да ги преземеме да не доаѓа до вакви несакани промени.

Тука беше речено дека многу држави во светот имаат дефицит во Буџетот, па ќе ја кажуваат тука и Америка која има 150 милијарди долари дефицит. Но Америка има страотна индустрија и економија и таа може многу брзо да го елиминира тој дефицит прво со сопствената индустрија. Понатаму, општо познато е дека Америка тоа може да го прави преку разни финансиски трансакции бидејќи доминира на светскиот финансиски пазар, а ние немаме економија. Тука е нашиот проблем. Ние и понатаму се претвараме само во расправа, во напади опозиција-позиција, позиција-партија  со партија, позиција која е во Парламентот, во власта и опозиција која е надвор од тоа. Ние немаме стратегија . Стратегија за развој. Еве се покажа дека и се она што се зборуваше во предизборните активности практично денеска го нема како стратегија. Што е битниот елемент за опстанок на државата, па и за формирање на вакви буџети. Тоа е економскиот развој, тоа е развојот на економијата. Економијата практично е удавена, уништена. Веќе нашето село потполно е опустошено. Нашиот селанец е тотално осиромашен. Индустријата е уништена, капацитетите затворени, се нешто животари помалку. Нема профит, нема остаток , нема најпроста

репродукција. И таа економија јалова. Непрекинато се притиска и се исцрпува до последна капка, до последна моќ. Таа полека не станува и умира и утре ќе немаме ни половина од овој Буџет да го оствариме. Тука се главните поенти. Тука ние треба да зборуваме како да подигнеме една нова економија, една нова индустрија, како да го повратиме земјоделието, како да ги развиеме другите дејности кои даваат материјална основа, од кои што може Буџетот да се полни. Нормално е дека треба да постои дисциплина, треба да постои ред и треба да се почитуваат законите, ама од сите. Нормално е дека ние треба да профункционираме како правна држава, за што јас секогаш се залагам меѓутоа нашата битка треба да биде на три фронта.

Еден од фронтовите е да ја дигнеме економијата за која што зборуваме.

Другиот фронт е да профункционираме како правна држава и

Третиот фронт е ние да се научиме да штедиме. Штедење во сите сфери и во сите правци. Ние се однесуваме како една богата земја. Погледнете и сега, па има и еден амандман да се зголемат средствата за луксуз, за мебел, за опрема, за материјални добра и тн. Ние мора да се откажеме од многу работи. Ние треба да направиме крупни реформи кај сите потрошувачи на Буџетот, на буџетските средства. Сето тоа да се сведе рационално. Сето тоа останува со исти број, со исти капацитети во ситуација кога имаме потполно нови технолошко технички иновации, процеси, компјутеризации и тн. итн. Се повеќе непотизмот е присутен. Се повеќе се партицизира државата. Не е точно дека само една партија и една Влада го прави. Еве сега е тоа случај. Огромни промени во разни домени, на различни места. Доаѓаат нови луѓе, некои од Биро за вработување, некои невработени и тн. на функции и функционерски места, другите остануваат. Тоа непрекинато расте. Немаме ние снага, немаме ние волја за да направиме еден пресек, да започнеме покрај процесот кој го немаме за економски развој за изворите да ги зајакнеме. Ние мораме паралелно со тоа да го зголемиме штедењето. Еве ни имаме амбасади, амбасадори, дипломатија на ниво на една Америка-во секоја земја. Еве вчера денеска читам во Карачи конзулат, минирање и тн. Нема каде што немаме ние дипломатија. Тоа го немаат големи, богати земји, тоа го нема една Швајцарија, Скандинавските земји, како ние тука се однесуваме како земја тотално расипничка. Таму каде што не може некој да се смести во политиката, не знам во кои домени и тн. му се отвараат места амбасадорски и тн. Со еден збор оваа Влада, а не треба да ја критикуваме уште нема 100 дена, мора да направи крупни заокрети во своето однесување. Да направи стратегија за излез од овие тешки состојби во кои што се наоѓаме. Да се пристапи домаќински, човечки, људски за да ја спасиме оваа држава.

Со тоа што само ќе се претвориме во меѓусебни обвинувања, меѓусебни напади, со тоа што секогаш ќе тврдиме дека некој друг е виновен, ама тоа ќе го користиме еден, два, три месеци, а што после тоа? Затоа јас не би сакал она што некој го вика виц, некој вистина денешниот министер за финансии, незнам дали поранешниот му ги оставил трите писма како тој понатаму да раководи и да работи.

Првото писмо е да го отвори кога ќе му биде многу тешко.

Второто е да гоападне претходниот директор, во случајот претходниот министер за финансии.

Кога ќе му биде уште потешко да формира комисија која ќе ја испита работата на претходниот министер или директор.

Третото писмо кога ќе го отвори ќе види дека препораката е да напише уште три писма. Од прилика тоа нас ни се повторува 12 години.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Сакам да ги известам сите пратеници за сите расправи во Собранието да знаете дека сите стенограми не само од министрите кога имаат воведно излагање, туку и од вашите дискусии после дискусиите се достапни во службите во рок од 60-70 минути така што можете да ги користите без посебно барање, а ова излагање Ви беше доставено вчера.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, реплика на г. Иванов.

Повелете имате 3 минути.

**СЛАВИЦА ГРКОВСКА:**

Почитуван претседател, колеги пратеници, многу внимателно ги слушав дискусиите на господинот Иванов на сите досегашни седници на овој состав на Парламентот и во тие настапи господинот Иванов се обидува себе си да се промовира како претставник на опозицијата, на иста онаа опозиција чии последици од владеењето во претходниот период ги чувствуваме сите, а најмногу работниците. На истата онаа опозиција, на истиот тој министер односно екс министер за внатрешни работи кој префрли 55 илјади долари на телевизија Сител по основ на јавни набавки за емитување на информативен материјал преку оваа телевизија од 10 месеци и тоа истата телевизија на која синот на г. Иванов е директор. Тоа се средства од Буџетот на Република Македонија чиј ребаланс денеска мора да го донесеме заради ваквото однесување на екс министерот за внатрешни работи и не само негово, туку и на другите министри во претходната Влада.

Меѓутоа, сите досегашни настапи г. Иванов се обидува да ги прикаже како принципиелни, бидејќи тој како лидер на Социјалистичка партија принципиелно во согласност со неговата лева ориентација стана сопственик на Силекс на дискутабилен начин за кој нема време, за жал, да дискутираме сега се застапува себе си како застапник на правата на работниците за сметка на што на вработените во неговата фирма им исплаќа лични доходи во бонови. Исто така принципиелно ги уценува вработените да гласаат за него, а на сите оние граѓани што не го дале гласот за него им се осветува по завршувањето на изборите.

Благодарение на тоа како заслужен граѓанин актуелната опозиција, претходната позиција му додели плац во населбата Нерези кој тој исто така принципиелно го прифати. Сега ми е јасно за какви принципи зборува господинот Иванов. Тоа се очигледно принципите кои го поврзале заедно со актуелната опозиција и можеби за тоа со право се претставува како нивен претставник.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Иванов барате реплика?

Имате една минута.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Видете, минатиот пат рековте кога ќе се излезе од некоја тема дека ќе прекинете, сега се отвора еден нов процес во кој ние повеќе не расправаме за буџетот, тука расправаме за пратеникот Иванов.

Јас обично на дамите, на мајките не реплицирам затоа што не мислам дека тие прават грешки во своите искажувања, па дури и Ева како првата мајка јас не сметам дека направила грев со тоа што го завела Адам. Мислам дури дека направила голема работа што се осамосталила од Господ, го довела човекот самиот да размислува. Но, некој кога ќе дојде во ситуација да размислува тој мора да има и некои докази. Мене ми е многу непријатно да кажам дека госпоѓата или госпоѓицата лаже. Јас немам никаков плац во Нерези. Веројатно прочитала во вашите весници дека сум имал плац на Водно, а тоа што Телевизијата наплаќа средства за реклами таа живее од тоа и тоа ќе го прави и понатаму.

Ајде малку Вие во пратеничката група научете ги луѓето (претседателот го опоменува за пречекорената минута) како да зборуваат. Вие да не и овозможивте да ме напаѓа 5 минути, мене ме ограничивте на една минута. Како што на Ева и простувам и простувам и на неа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Процедурално господинот Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Господине претседателе, морам да реагирам, господинот Иванов нека не се занимава со пратеничката група ако има реплика нека си одговори, нека не обвинува и нека не ја подужува пратеничката група на СДСМ како треба да работи.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Пред да ви дадам збор господине Иванов, што барате?

Реплика на процедурално нема. Немате право на процедурално барање. Како и во претходниот случај кога бараше Јордановски реплика на веќе создадена реплика не му дозволив и во овој случај нема да ви дозволам на вас реплика на процедурално барање. Можете да си побарате повторно збор и да зборувате колку сакате на таа тема. Меѓутоа, само не можам да ви дадам реплика на процедурално излагање затоа што ќе излеземе од Деловникот. (господинот Иванов дофрла од место, но не со вклучен микрофон). Се извинувам, не ги штитам никој од пратениците, ве штитам токму вас.

Дали некој од пријавените бара реплика или се сите за збор?

Господине Анастасовски имате реплика на што?

На дискусијата, имате 3 минути.

**ИВАН АНАСТАСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници јас би сакал кратко, ја ислушав дискусијата на г. Иванов и ако добро слушнав тој рече дека ние мора да се научиме да штедиме. Јас кратко би го прашал г. Иванов од негово лично искуство нека ми каже како тој со раководното место во Комбинатот Силекс научил и заштедил огромно богатство. Еве нека ја каже формулата, јас како млад човек ме интересира како заштедил г. Иванов толку големо богатство за овој период.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ќе ве замолам сите да се вратиме на темата затоа што мислам дека полека но сигурно се отстрануваме од темата.

Господине Иванов барате реплика на ова?

Имате една минута и ќе ве замолам да се држите како и сите други на рокот.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Јас да му објаснувам, па јас имам потполнето формулар, а ако сака да наужи како се создаваат пари, фирми, компании за тоа не можам јас за една минута да му кажам. Човекот нека дојде да седнеме ќе му објаснам, тој е млад треба да научи и се што ќе научи ќе му користи, нели? Сега за една минута ептен е многу. Јас тоа го правев 40 години, а нему ќе му треба можеби 100.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мислам дека полека, но сигурно се отстранивме од расправата, па ќе ве замолам да нема повеќе реплики особено во комуникација која е надвор од темата.

Има збор господинот Аднан Јашари.

**АДНАН ЈАШАРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата,

Буџетот се смета како основен инструмент за финансирање на јавните давачки во сите модерни држави вклучително и во Република Македонија. Што значи, за буџетот може да кажеме дека претставува план за приходи и расходи кои се планираат во буџетот во еден временски период од една година. Овие приходи и расходи се планираат во буџетот треба да се еквилибрирани со оглед на фактот што принципот на буџетскиот еквилибар е еден од основните принципи на буџетот. Доколку од било која причина оваа буџетска рамнотежа се наруши, а тоа може да се случи доколку приходите бидат помали отколку е предвидено, тогаш давачките треба да се хармонизираат со намалените приходи или доколку давачките се зголемат, тогаш и приходите треба да се зголемат. Значи, хармонизацијата е неопходна. Оваа хармонизација на приходи и расходи во буџетската терминологија се нарекува буџетски ребаланс. Во конкретниот случај предлозите на Владата за

промена и надополнување на буџетот за 2002 година хармонизацијата треба да се направи не само поради покачувањето на расходите за тековната година и тоа според намерите на тие што го трошат и според проценките се надминати планираните расходи, но и поради потребата за додатни средства кои се појавуваат во самиот предлог, посебно ги истакнав трошоците за плати и други придонеси за одреден број вработени во различните министерства вклучително и Министерството за внатрешни работи.

Во недостиг на време за реализација на посебната ставка на буџетот ќе се концентрирам на општиот дел на давачките. Врз основа на информациите истакнати во овој дел од Буџетот со јунскиот ребаланс направено е зголемување на приходите, но и на расходите. Ситуацијата не е иста со новиот ребаланс што се нуди, во билансот на приходите се прави зголемување на некои даноци меѓу кои данокот на додадена вредност, даноците за регистрација и земање на дозвола за одредена активност итн додека намалувањето на приходите се очекува од некои даноци како што се персоналниот данок.

Во билансот на расходите се предвидува намалување на расходите за плати и придонеси и персоналниот данок, а имаме зголемување на расходи за некои услуги како што се на пример зголемување на трошоците за транспорт.

Посебно ме интересира врз кои параметри се базираат овие податоци иако во даденото образложение на одреден начин се истакнуваат некои од тие параметри за јунскиот ребаланс и сегашниот предложен ребаланс.

Ова прашање го поставувам од причини кои се дадени во програмата за промена и надополнување на користење на средствата реализирани од приватизацијата на јавниот капитал 2002 година што е исто на дневен ред денеска.

На крајот би сакал да ви дадам до знаење дека сега сме во 2002 година, во Парламентот дојдовме како претставници на народот, а не како терористи.

Благодарам на вниманието.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на господинот Јашари.

Господинот Кокаровски со оглед дека е претставник на Владата по ваша оцена кога ќе оцените дека треба или не треба да дадете одговор јас ќе ви дадам предност затоа што е така по Деловникот. Ваша слобода е на избор да се јавите без чекање на редоследот од ваша страна, со оглед дека имавте прашања од господинот Јашари.

Има збор господинот Љупчо Балковски:

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Дозволете ми најпрвин да кажам дека учествувам на оваа седница за да се разјаснат некои работи околу ребалансот на буџетот односно конкретно околу работите за Дојранското Езеро затоа што се искажа навистина една констатација дека системот за полнење на Дојранското Езеро не функционира и дека се потрошени значајна сума на пари, а системот го нема.

Сакам да ги кажам следните факти:

Прво, системот за полнење на Дојранското Езеро технички и технолошки е исправен. Второ, на овој проект работеа најголемите градежни компании во Македонија Бетон, Гранит, Маврово, Пелагонија, Фабриката за цевки “11 Октомври”, ЕМО, беа вклучени стручни лица од Машинскиот факултет и целокупната управа за водостопанство.

Техничко-технолошкиот процес најпрвин предвидува да се пуштат 200 литри во секунда за да може системот пробно да работи. Тоа се направи, системот се пушти и се виде дека системот функционира. Во моментот има 10 бунари кои даваат по 100 литри вода во секунда секој бунар односно 1000 литри во секунда за полнење на системот. Сега останува системот да се надоградува, секојдневно да се следи за што е информирано Јавното претпријатие Дојранско Езеро. Направен е за рекордно време, а за тоа има ситуации, има градежни книги и можете да проверите, како што проверувате, исправноста на овој систем.

Меѓутоа, заради чисто политичка опструкција јас би рекол и за реваншизам и омраза овој процес е прекинат за да не обвините нас овде јавно на говорница дека системот не функционира. Тоа е почитувани пратеници чиста лага и сакам само сите да се сетите и да не заборавите дека вашите идеолошки претходници од Сојузот на комунистите на Македонија дозволија Дојранското Езеро да се исуши.

Со овој проект треба да се гордее македонскиот народ затоа што значи спас на Дојранското Езеро, развој на целокупниот регион. А што се случи? Вие ги избркавте и работниците од Јавното претпријатие Дојранско Езеро за да системот не функционира. Правите сега опструкција на овој систем, не сакате да

профункционира во моментот, туку вие кога ќе оцените дека тоа е потребно да профункционира и да кажете еве системот сега работи.

Меѓутоа, сакам на сите нас да ни е јасно, а тоа е дека навистина во овој момент со овој систем за полнење на Дојранско Езеро треба сите да бидеме горди затоа што е направен овој систем. Да дадеме признание на работниците што работеа доненоќно за да овој систем профункционира и затоа што го направивме за сите генерации и за нашата држава. Престанете со тие лаги и опструкции за проекти кои се од интерес на оваа наша држава.

Ви благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Има двајца за реплика, првиот е Есад Рахиќ, а потоа Јани Макрадули.

Имате по три минути.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, почитувани претставници на Владата.

Немав намера да се јавам бидејќи не сум градежен инженер и не ми е специјалност ваков систем како што е системот за носељње водаво Дојранското Езеро. Меѓутоа инспириран од говорот на господинот Балковски ќе се обидам во две три реченици да кажам која е смислата.

Прво, мислам дека во старт се отстапи од текот на седницата.

Второ, јас господинот Балковски  го запознав  некаде околу 2000 година како перспективен возач на градежна машина кога ги рушеше куќите во Злокуќани, а зградите и хотелот на неговиот партиски другар Станинов останаа да се градат и тука е дел од дубиозите во Буџетот. Меѓутоа не би сакал да расправам за тоа, би сакал и во делот на Републиката а и процедурално да кажам нешто.

Би го замолил господинот Балковски да не спомнува идеолошки наследници на Сојузот на комунистите на Македонија, бидејќи има и членови на СДСМ кои не биле членови на Сојузот на комунисти, а добар дел од нивната партија  и ден денес и тогаш  биле активни членови на Сојузот на комунисти. Така што тука идеолошка разлика многу многу не гледам.

Второ, јас се надевам дека во делот на екологијата, имаме ние прилика да расправаме за нашите езера, затоа што со носење на вода која со ист хемниски состав со Дојранското Езеро ќе се загрози флората и фауната, а количеството на

вода во Дојранското Езеро како и во останатите езера во Република Македонија константно се намалува бидејќи поранешната Влада дала дозвола, прекутно, соседните држави да користат вода од тие водни ресурси. Затоа уште еднаш би ве замолил господинот Балковски како екс министер, бидејќи се надевам дека таа проблематика му е блиска, од делот на излагањето на некои податоци, да биде поконкретен затоа што и пошироката македонска јавност, освен партискиот маркетинг што се обидуваат и на оваа седница да го прикажат овие членови на Парламентот, има и желба и потреба да дознае за некои сегменти од техничка природа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Гоподине Балковски имате реплика една минута.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Точно затоа кажав дека постојат студии, постојат градежни книги. Се како што проверувате во овој момент, проверете го и системот за Дојранско Езеро и ќе видите дека се тоа е така.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Јани Макрадули има три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Морам да реагирам и по повод излагањето и за некои зборови кои беа кажани, како координатор на Пратеничката група.

Господине Блаковски никој вас не ве мрази. Вас за да не ви протече на денот на отворањето. Кој е крив тогаш и кој ве мразеше на денот на самото отварање кога однесовте толку автобуси , го мачевте тогашниот премиер да стигне таму, а вода пуштавте од друго место.

Второ, навистина јас незнам кои се вашите идеолошки определби, материјалните ги видовме. цела Македонија ги знае. Затоа ве молам, проектот прочитајте и интервју имаше новиот министер за екологија и животна средина и просторно планирање, системот Ѓавато во овој момент не работи, а се останати неисплатени обврски кои мора да се покријат,спрема градежните фирми од 200 и повеќе милиони денари.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Системот во овој момент е готов, функционира и технички е исправен. Тоа што не сакате да го пуштите е ваша работа.  На денот на пуштањето, на 8 септември во системот течат 200 литри вода во секунда, затоа што техничкиот процес предвидуваше најпрвин да течат 200 литри вода во секунди, после 15 до 20 дена 10-те бунари да се исполнат и да тежат 1000 литри во секунда.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да завршиме сега со репликите,

Господине Кокаровски ако се јавувате за збор нешто во врска со репликите и со темата што се начна повелете.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Сакам да му кажам на пратеникот од Пратеничката група на ДУИ од аспект на Буџетот да му кажам дека Буџетот како и секој буџет е избалансиран. Приходите во ребалансот се проектирани на база на прибирањето на приходите од досегашниот период, нема зголемување на ДДВ, колку што го слушнав, воопшто не станува збор за зголемување на она што е во ставките за натамошниот период. Меѓутоа во Министерството , Управата за јавни приходи, покренат е тој механизам за да може овој период на време, не можеме квантитативно тоа да го изразиме, меѓуртоа покренат е тој механизам, да активираме што е можно повеќе, во смисла на зголемена наплата, бидејќи се ова што го планираме треба и да се избалансира и да се реализира до крајот на годината.

Што се однесува до влијанието на ребалансот врз девизните резерви, врзкурсот, врз се она што може да биде еден имупт во овој период на време и пренесен за наредната година дали ќе генерира инфлација. Сакам да кажам дека ги координираме сите активности во монетарната, фискалната и во кредитната сфера, ќе ги употребиме сите инструменти и мерки за да ја зачуваме стабилноста на цените, да не дозволиме инфлацијата да избегне од контрола и да остане во проектираните рамки.

Она што е ургентно денес, од аспект на стабилизациониот фонд, добро би било стабилизациониот фонд како сума на пари и девизните резерви како сума на пари кои што се зголемувале, да останат, но ако вие ги зголемувате во еден период, во друг период одма испаруваат, тоа не е добро. Но изнудени се сите овие мерки и нема друг начин на кој би постапиле во овој период. Дури сакам да кажам и тоа дека

сеуште има неидентификувани, неалоцирани обврски кои ќе стасуваат до крајот на годината. Ова што е сега тоа е она зад кое стоиме. Што ќе доаѓа понатаму, веројатно како обврска ќе се префрли во наредната година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Панков Владо се јавува, веројатно за реплика на Балковски.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Морам да кажам дека сум пратеник токму од тој регион, Богданци и Дојран и Валандово а плус тоа сум и градежен инженер и тоа хидросмер.

Само дилетанти можат да си дозволат да пуштат објект, цевовод без воздушни вентили анкетни блокови на прекшни точки, без испусни вентили, без шахти и без непотполно изградени пумпни станици, а тоа се случи токму на денот на пуштањето на овој објект. Затоа објектот треба да се доврши, се тоа да се догради, па да се пушти во употреба. Без тоа објектот неможе да биде употреблив. Така што господинот Балковски не ја кажа вистината.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика бара господинот Балковски.

Повелете  господине Балковски имате една минута.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ова што го кажавте не е точно. Ќе ве молам да одите на самата траса од 22-23 км. и да видите како во моментот тоа е направено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ.

Господине Паунков немате повеќе право за реплика.

Ако има други за реплики по ова прашање би ве замолил да се повлечете затоа што имам впечаток дека ребалансот на Буџетот се отклони во дебата за јавното претпријатие Дојранско Езеро, што полека ама сигурно ќе не одвлече од главната тема. Нема да ви скратам право за реплика на никого, меѓутоа би ве замолил да не навлегуваме во тоа бидејќи ќе се отвори расправа.

Господине Никола Апосоловски, барате реплика?

(Се откажува).

Господине Муминовиќ, барате реплика?

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Имам реплика на господинот Балковски.

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Немав намера , бидејќи денес и покрај сето тоа што ни е празник, има законски основ да не бидеме присутни на седницата, но во интерес на денешното Собрание сите сме присутни и разочаран сум што никој од присутните не најде за сходно барем да ни го честита празникот затоа што денес оставивме домашни прослави за да бидеме овде.

Прво, неможам да слушам луѓе, некоректни иако веќе најавиме дека до крајот на декември нема да бидат присутни, незнам сега зошто се тука. Од такви луѓе нормално е да слушнеш и уште поголеми лаги.

Кога се работи за Дојран, бидејќи со години сум присутен таму, тој срам го имаат видено сите а и јас, дека  со денови се носеца цистерни вода да докажат и покажат како Езерото ќе профункционира. Затоа јас лично барем поаѓајќи од себе, можби не сум политичар  неискусен, но би се срамел вакви нотарни лаги јавно пред овој народ да се кажат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Балковски ќе ви дадам реплика, но само една минута.

Господине Муминовиќ со Законот на кој се повикавте, вчера беше државен празник за припадниците на Исламската заедница. Денес е верски преазник, меѓутоа тоа не е и државен празник утврден со закон и ние денес не може да не работиме. Инаку и во православието и во исламот верски празници има 300 дена во годината, меѓутоа не работиме само кога едновремено се и државни со закон утврдени празници, но денес тоа не е случај. Така да вашата забелешка дека требаше да не работиме, за мене е неприфатлива. За вас е индивидуално право. Собранието може да работи.

Господине Балковски имате една минута за реплика.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Сигурно господинот Рафет не ме слушал од почетокот на моето излагање кога кажав зошто учествувам на оваа седница. Учествувам затоа што е искажана една голема лага по повод системот на функционирање за полнење на Дојранското

Езеро. За тоа  на каков начин и што се полнеше, мислам дека господинот не е стручен за да разговараме на таа тема.

НИКОЛА ПОПОВСКИ :

Продолжуваме со дебата по ребалансот на Буџетот.

Господинот Слободан Најдовски има збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ.

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Ќе се обидам во најкратки можни црти  да го изнесам своето мислење по однос на ребалансот на Буџетот кој што е денес на расправа.

Општо е познато дека најголемото влијание и најважните седници на секој парламент во секоја држава се токму расправите за носење на буџет на таа држава, во државите кои имаат ребаланс на буџетот, како што е нашата држава.

Од ова што досега може да се констатира е дека заеднички именител и на опозицијата која денес присуствува на седницата и на позицијата е дека донесувањето на ребалансот е нужно и неизбежно.Нужно е заради тоа што мора да се санира постоечката состојба во Република Македонија, во финансиското работење од страна на бившата Влада. Во овој момент секоја друга дискусија што се сака да се насочи во делот за другите функции на Буџетот е излишна, бидејќи имаме состојба каде во оваа држава се потрошиле повеќе пари отколку што таа држава требало да потроши и немаме друга ситуација освен да ја санираме постоечката состојба.  За другите функции кои треба да ги има Буџетот и развојната функција и останатите функции, ќе зборуваме тога кога ќе се носи буџет за нарендата година.

Од досегашната расправа и она што во овие денови и преку медиумите можеше да се согледа, се издвоива две тези во поглед на донесувањето на Буџетот. Едната теза е која ја застапуваме ние од Коалицијата “За Македонија заедно” е тоа дека непლански се трошени финансиските средства односно парите од страна на минатата Влада и заради тоа сме доведени во состојба да носиме ребаланс на Буџетот и да докажеме дека тие се трошени спротивно на Законот за Буџет.

Втората теза е тезата на поранешниот министер за финансии и на опозицијата која вели дека е реално да се донесе ребалансот на Буџетот на Република Македонија заради тоа што постоеле реални зголемувања на потребите

од финансирање на државата и најчесто тоа го правдаат со трошоцитге кои се предизвикани со резервистите и расселените лица.

Ќе се обидам со неколку реченици да ја потврдам тезата дека навистина неплански и спротивно на Буџетот се трошени финансиските средства во изминатиот период. Ако речениците можат да се комбинираат вака или онака, бројките неможат да се комбинираат и тие се очигледни во предложениот ребаланс. Имено никој досега од позицијата, од власта, не приговори дека се трошени средства за резервистите и за раселените лица. И министерот за финансии овде кога имаше свое излагање по однос на ребалансот за Буџетот рече, и се донесоа конкретни решенија на Владата, дека на резервистите мора да им се надополни тоа што законски им следува, иако оваа власт не е виновна  заради тоа што некој на време не презел мерки за рационално користење на средствата по однос на резервистите и навремено да ги плаќа, напротив во времето на предизборните активности се гордееа со бранителите, а истовремено не ги плаќале неколку месеци наназад. Затоа ние ја преземаме таа обврска и тоа ќе го завршиме, ако не до крајот на Јануари, тогаш до средината на Февруари, сепак тоа е право на Владата, но ние ја преземаме таа обврска и тие кои се бореле за оваа држава и кои ги исполнувале своите граѓански обврски нема да ги оставиме а да не ги исплатиме.  Тоа е првата работа.

Околу нашата теза дека неплански се трошеле парите, има уште неколку аргументи.

Ако добро погледнеме и господинот Груевски кажа дека околу 900 милиони денари се движи сумата за родителите и за раселените лица. Но Буџетот од она што е досега проанализирано е пробиен за повеќе од 4,5 милијарди денари.

Ако сега малку подетално го проанализираме ребалансот на Буџетот ќе видиме каде се пробиени ставките. Ставките се пробиени таму каде што не може да се води доволно контрола и каде што не може доволно да се согледа каде се потрошени парите. Пробиени се стапките во оние делови каде што требаше да се искористат за предизборните и изборните активности.  Ние можеме да зборуваме сега за Дојранско Езеро вака или онака. Јас не сум стручњак и нема да навлегувам во стгручните работи. Но мораме да кажеме дека тоа беше жиста предизборна активност која беше брзопотезно донесена, требаше да има брзопотезен ефект и со овие последици кои денес ги имаме. Никој нема ништо против Дојранското Езеро тоа да се полни со вода и да се преземаат одредени активности, но секој има против ако

тоа оди пребрзо, ако тоа е неплански и ако парите се трошат неконтролирано. Имено, за да ги потврдам овие мои факти ќе ви кажам.

Погледнете каде најмногу се пробиени ставките. Пробиени се ставките во договорни услуги. Во секое министерство, посебно оние кои водеа изборна кампања, пробиени се следните ставки: пробиена е ставката во материјали 8%, пробиена е ставката - други оперативни трошоци за 11%, каде што исто така ни министерот ни другите можеле да водат контрола каде се трошени пари, туку се оставило на тие министри по одделни министерства своеволно да ги трошат и сега кога ќе се соберат еден куп ставки, нити некој ќе влезе, нити некој ќе се снајде во тие ставки, освен ако не оддели доволно време за да се изгуби во тие анализи, наместо да го работи она што е потребно. Понатаму пробиена е ставката - трансфери до владини институции, со 20%. Ако земеме дека пробивањето на тие ставки изнесува преку 850 милиони денари, зарем тие се за раселените лица и за бранителите во РМ. Ако подетално ги проанализираме уште повеќе министерствата каде што се пробиени овие ставки, ќе видиме дека се за изборните активности и од тоа неможе господинот Груевски да избега и можеби на крајот на краиштата тој не знаел дека во одредени министерства ги пробивале ставките, сега согледува некои работи а сега оваа Влада мора да ги среди овие состојби.

Имено, ќе ви кажам, зарем за бранителите се потрошени повеќе од 200 милиони денари во МНР? Јавноста, не така одамна беше предупредена од медиумите дека во МНР се патува со скапи авиони, се престојува во луксузни хотели и пробиена е ставката во тоа Министерство за патувања во странство за некаде, за потрошени некои материјали за кои што никој не може да каже што се, преку 200 милиони денари. Царинската управа има повеќе од 50 милиони трошоци од планираните. Министерството за животна средина има преку 269 милиони денари потрошени од планираните. Бирото за стопански недоволно развиените подрачја има преку 200 милиони денари потрошено повеќе од планираните. Министерството за транспорт преку 80 милиони. Министерството за земјоделие преку 60 милиони. Сега некој ќе каже да, ама тие се сепак потрошени, на пример Бирото за недоволно развиени подрачја трошело токму во недоволно развиените краеви. Господо, јас сум еден од оние кој сум често во тие недоволно развиени краеви, можеби единствен од пратенците македонци кои живеат на село и знам како ги трошеле тие пари. И, немаше да имам ништо против, зошто ги потрошиле тие 200 милиони денари ако не ги трошеа брзопотезно, неплански, непланирано и на крајот без никаков резултат за предизборните и изборните активности.

Само уште неколку работи во прилог на ова што сега го зборувам. МНР за 800 милиони денари ја има пробиено ставката транспорт. Тоа ли е за бранителите? За договорни услуги што никој не зне што се 182 милиони денари има потрошено МНР. Или она што господинот Макрадули го спомна за спортските сали, никој нема против градење спортски сали. На оваа држава и требаат спортски сали. На овие млади луѓе им требаат спортски сали, но она што го направија никогаш неможе да се оправда. 88 милиони денари е пробиена стапката во Агенцијата за млади и спорт. Сите тие ќе останат споменици. Свесни сте дека парите што ги планиравте со нив неможат да се изведат. Секаде ставивте камен темелници и сега или треба дополнително да се ангажираат средства во овој период да се гради или да се остават на забот на времето.

Тоа што на крајот би сакал да го кажам е неспорната теза дека минатата влада, по наше македонски, си ги пуштила нозете повеќе од черџето. Сега, сите тие работи треба да се санираат. Но не смееме и ние кои сме од опозиција, оние кои ја поддржуваат Владата повеќе да кукаме што направија. Направија тоа што направија, последиците долго ќе ги чуствуваме. Но, да не бидам сега и јас социјалистички тип па да речам треба да ги засукаме ракавите па ние да работиме и ова мораме да го надокнадиме. Овде се зборуваше за тоа дека оваа Влада ќе ги троши заштедите што биле направени во минатото. Не сакам да навлегувам во таа проблематика сега, бидејќи времето е минато, ако добро се погледаат заштедите ќе се најде првата година од што беа направени, од распродавање на државен имот, а второ, ефектите што ги даде ДДВ-то и осиромашувањето на граѓаните.Не сакајќи да го напаѓам Законот за ДДВ, само како аргумент зошто се јавија вишоците. Граѓаните на РМ порано за комунални услуги не беа оданочени. Со тој данок се оданочија. Само граѓаните на Битола таа година дадоа 75 милиони по основ на даноци на комунални услуги и нормално е да се јави тој вишок на приходи. Затоа го немате наредните години тој вишок на приходи, не заради тоа што се јави војната, војната не влијаеше на приходите.

На крајот, да завршам по однос на ова. Поука за сите нас, поука за Владава што е сега само да работи спротивно од трошењето на финансиите, на парите што ги имаше претходната влада. Поука за сите нас е да сватиме дека се наоѓаме во една тешка финансиска состојба како држава. Поука за сите нас е дека треба да го цениме секој денар собран од граѓанинот заради тоа што ние сме избрани овде да одговараме за трошење на секој собран денар од граѓаните на РМ. Колку побрзо

сватиме дека ние сме сепак сиромашна држава и така треба да се однесуваме, толку побрзо ќе излеземе од ситуацијата.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има г. Јордановски Љупчо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, ценети претставници на Владата, драги пратеници,

Ребаланс на Буџет претставува, по мене, тема која што може и малку политички емоции да побуди, да се подигне политичката температура. Мислев дека ќе помине оваа седница доста брзо и дека ние овој ребаланс ќе го изласаме веќе после 15 минути. Но, гледам дека и една ваква работа што има политичка тежина, сега не е потребно да се донесе доста брзо, почна да добива, според мене, несакани насоки на дискусија, посебно во настапот на бившиот министер за финансии Никоал Груевски кого сакам прво да го поздравам и сметам дека од денеска натаму барем некои претставници од опозицијата ќе бидат присутни на седницата на Собранието во декември, така што ќе можеме да размениме мислења.

Тоа што можам да го констатирам од неговото излагање е дека не ги негира наводите на сегашното Министерство за финансии за толку големите пречекорувања. Значи дека според мене, логично е да се заклучи дека и ги признава тие пречекорувања. Се обиде да ги објасни и тоа мислам доста немушто, со тоа што кажа дека неможе ниту една влада, ниту едно министерство до крај или со најголема точност да ги испланира приходите и расходите за следната година. Со тоа се согласувам, но пронмашувањето не може да биде 20%, 30% и со толку голем износ. Може да биде а 1%,2%. Посебно што овде има заклучоци од страна на Министерството за финансии, што за мене, како човек кој раководи со мојот домашен буџет, а претпоставувам дека овде има луѓе кои раководеле и со буџети на поголеми претпријатија, за мене нема разлика дали се води буџет на големо претпријатие или на држава, барем така се вели и тоа е точно, не можеле да ги предвидат.

Во експозето на министрот за финансии, господинот Перо Гошев се констатира дека имаме неизмирени обврски кон приватни претпријатија за извршени инвестициони работи во вкупен износ од 340 милиони денари. Дали тоа неможело да се предвиди? Дали тоа неможело да се стави во Буџетот во 2001 година, за 2002

година, бидејќи јас знам дека на мојата институција три годибни поранешната влада должи пари за извршена работа. Според тоа, мислам дека изговор е објснувањето дека неможеле да се предвидат, барем според овој заклучок на сегашното министерство не држи.

Консатиравме активирани гаранции во износ од 447 милиони денари од кои најголем дел се веќе извршени, но мора да најдат место во Буџетот. Не сметам дека овие гаранции не можеле да се предвидат. Кога сме веќе тука кај предвидувањата, мислам дека господинот Груевски не ја разбра поентата на господинот Никола од Делчево кога објаснуваше за судските процеси таму што ќе бидат поништени и Владата ќе мора после тоа да го плати. Поентата беше дека предвидувањата дека Владата ќе ги изгуби тие судски процеси можеше да се предвидат и да се знае. Тие се направени незаконито. Не треба голема филозофија да се предвиди, ако сакаме да бидеме коректни, да ги почитуваме законите ќе знаеме дека такви вработувања по основ на суд дека ќе паднат и дека Влдата ќе мора да најде средства во Буџетот да ги плати. Тоа беше поентата на Никола во излагањето.

Четвртата констатација од страна на Министерството за финансии - констатиравме поактивни и извесни за плаќање судски извршни решенија во износ од 340 милиони денари. Ако се направи анализа, мислам дека има судски неплатени решенија наназад неколку години што секогаш можеле барем во претходните години да бидат планирани во буџетите. Не може овде да се правдаме со тоа дека неможеме да планираме со најголема прецизност кои обврски ќе ни дојдат.

А, што се последиците од сето тоа, се јасни. Имаме стечаи, а самите претпријатија имаат побарувања од државата кои што, ако им беа на време исплатени, комотно можеа да работат и да функционираат. Со која намера е тоа правено и зошто не е исплаќано, мислам дека на јавноста им е јасно, дека со тоа можеби ќе се позанимаваме во иднина.

5. Констатиравме, вели Министерсртвото за финансии достасани и неизмирени обврски за набавени стоки и услуги во вкупени износ од 903 милиони денари. Нагбавени стоки и услуги. Ве молам ако јас знам дека дома имам 1000 денари да потрошам за нешто и тоа си планирав за овој месец, јас секако нема да ја трошам таа ставка повеќе од 1000 денари. Тоа го вели и Законот за реализација на Буџетот. Повторно и овде има многу неизмирени обврски што не се од оваа година, од минатата година и можеа да бидат ставени во Буџетот за 2002 година, а не се ставени. Значи, повторно нема елементи да се тврди дека не можеле да бидат предвидени.

6. Констатираат недостасани неизмирени обврски за сместување на внатрешно раселени лица, превоз на ученици, партиципација и тн. Раселените лица се случија лани. Буџетот за оваа година исто така е донесен при крај на 2001 година. Дури имавме и ребаланс. Ова е оправдување дека оваа исто така не може да се предвиди да се вметне? Не можам да го прифатам.

Околу Советот дека Владата со овој ребаланс голем износ од обврските што престојат ги покрива само мал дел се пренесува, а пракса е, можеби по теоријата еден дел да се пренесе за идна година  бидејќи ќе биде големо оптеретување, мислам дека одговори заменикот министер кој рече дека сеуште не знаеме што треба да ни дојде  како неплатено како обврски. Претпоставувам дека оставиле простор за оној пристоен дел што треба да се пренесе, ќе се пополни идната година како пренесен.

Затоа мислам дека фино кажано доста пристојно, на фин јазик неможе да ја скрие вистината дека претходната влада навистина недомаќински работела. Не само за претходната година, туку са сите  4 години. Јас не бев пратеник во изминатиот мандат кога се говореше за суфицитот во Буџетот од 700 милиони денари. Но, овде е кажано дека тој суфицит се базира и сега овде го гледаме, ако имаме 4,4 милијарди денари, не знам колку е тоа милиони марки, претпоставувам дека суфицитот што е направен тогаш се базира врз основа на вакви постапки на бившата Влада.

На крајот би сакал една работа да кажам, комплетно се согласувам со пратеникот Груевски како што изјави или го пренесоа така во весник, доста се занимаваме со бившата влада, дајте нешто  да поработиме. Од моја страна барем више никогаш нема да ви спомнам што направивте и како направивте. Ве молам вие и денеска и сега сспомнавте што до 1998 година бившата Влада ви оставила. Ако барате  таков однос  од нас, бараме ние таков однос од вас. После изгубени изори каде што, да кажам, ве казниле граѓаните, политичката казна ја добивте, ние ја преземаме одговорноста, ние ќе ја завршиме работата онака како што знаеме и умееме. Дерка и вие не сте грешеле има примери. Пример е дека сте имале  добар тим. Државниот секретар е задржан, претпостсвувам дека и вие како ваш избор, како стручњак, задржан е, така што за разлика од вас кои дојдовте 1998 година со една единствена парола што ја кашавте и ја реализиравте дека ќе уништите се што СДСМ и Владата на СДСМ направила, ние за разлика од Вас, добрите работи  што вие ги направивте ќе ги задржиме. Овде тие добри работи не се критикуваат, а навистина има добри работи направено.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Хасипи Кенан.

КЕНАН ХАСИПИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Денеска расправаме за измени и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година. Меѓутоа, за жал место да расправаме за проекција на Буџетот за 2003 година, затоа што во сите земји со напредна демократија проекцијата на Буџетот за наредната година почнува да се работи веќе од октомври од претходната година и расправите по основ на проекциите на Буџетот траат месец и повеќе, се разгледува министерство по министерство, стапка по стапка.

Ова го кажувам од едноставна причина што во мандатот 1994/1998 година бев сведок на неколку проекции на буџетот што во овој законодавен дом се извршуваа за 5 до 6 часови. Мора да се има предвид дека при конструкцијата на Буџетот на Република Македонија инкорпорирани се препораките на ММФ и од тие причини можностите за појава на посериозни финансиски дубиози се мали доколку не се појават сериозни состојби во земјата, што битно можат да влијаат на приходниот и на расходниот дел на Буџетот.

И покрај сиот респект кон излагањето на екс министерот за финансии господинот Груевски кој за главен виновник за повторна измена и дополнување на Буџетот на РМ укажа на непредвидливи или тешко проценливи ситуации како што се пролонгиран ангажман на резервистите, неможност да се влијае на експедитивноста на судските органи и слично, сепак сметам дека ќе беше чесно со неколку реченици да се осврне на финансиската недисциплина за која во одредени моменти имаше и критика од ММФ. Ова дотолку повеќе што ваквите ребаланси директно или индиректно паѓаат на грбот на граѓаните на Република Македонија кои, слободно може да се рече се на работ на бедата.

Само сакам да потсетам дека во оваа земја се затвораат граѓани за неплатена струја и други давачки на државата, го потсетувам бившиот министер додека манипулациите со милионски цифри, пренамена на огромни суми, па нека се и со одлука на влада, користење на финаниски ресурси за политички потреби во

дадениот момент, злоупотреби на власта од секаков вид и слично, за жал не се санкционирани.

Впрочем зарем е коректно дел од пратениците на ова Собрание да го евидентираат присуството на седница, а потоа да заминат, да за возврат добијат дневница иако и овој законодавен дом е буџетски корисник. Јас го молам претседателот на Собранието, согласно законските надлежности што ги имам, на ваквите условно наречени претставници на народот да им ја ускрати надокнадата од проста причина што никаде во светот не се дава надокнада за несработено.

Морам да се осврнам на уште две констатации екс министерот за финансии, прво, дека и доколку не беа изборите, во текот на септември или најдоцна до октомври ше се извршеше ребаланс на буџетот и второ ќе ги поддржат сите законски проекти што одат во правец на зајакнување на финансиската дисциплина, па дури и дека дел од тие закони и законски проекти веќе биле подготвени од страна на Министерството за финансии.

Ваквите констатации значат индиректно признавање на појава на недисциплина во користењето на буџетските средства кои за жал во оваа земја не се санкционирани.

Оттука, господине претседателе, доколку оваа власт продолжи како претходната власт да не ги санкционира ваквите појави сосема елогично во сите законски проекти да ги укинеме таканаречените казнени одредби за да истите не служат само како декор на законот. Денеска, сите пратеници во оваа сала се наоѓаат пред свршен чин.

Во оваа земја за овие 11 месеци потрошено е повеќе од предвиденото и за покривање на таа финансиска дупка потребно е да се најдат дополнителни извори. нека ми објаснат господата економисти кои се тие извори освен граѓаните на оваа земја.

Единствена причина што ќе го подржам овој ребаланс на Буџетот е што е неморално да не се исплатат обврските за веќе извршените работи, а во овој дом да добиваат дневници таканаречените пратеници кои само се појавуваат во салата и си заминуваат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-динот Хасипи.

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес по ребалансот на Буџетот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Ги молам пратениците што се излезени од салата да влезат.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на раздел 06001 Програма 12 ставка 420, потставка 420111, ставка 421 потставка 421111, потставка 421112, ставка 422 потставка 422111, потставка 422112, ставка 423 потставка 423112, потставка 423113, потставка 423211, потставка 423213, ставка 424 потставка 424111, потставка 424211, потставка 424416, ставка 426 потставка 425716 и на ставката 7411 и тој амандман е составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандман на раздел 04001 Програма 13 ставка 426 потставка 426716, ставка 427 потставка 427122, раздел 05001 Програма 12 ставка 401 потставка 401112, ставката 402 потставка 402511, Програма 13, ставка 402 потставка 402511, ставка 401 потставка 401112 Програма 12, ставка 401 потставка 401216, Програма 15 ставка 401 потставка 401112, ставка 402 потставка 402511, раздел 06001 Програма 12 ставка 402 потставка 402111, Програма 13 ставка 402 потставка 402111 и 402112, 402212, 402311, 402411, 402511,Програма 12 ставка 401 потставка 401112, ставка 402 потставка 402112 категорија 42 ставка 423 потставка 423214, раздел 16001 Програма 12 ставка 401 потставка 401112, Програма 15 ставка 402 потставка 402111, Програма 16 ставка 401 потставка 401112, Програма 16 ставка 402 потставка 402111, раздел 22001 Програма 11 ставка 423 потставка 423112, Програма 12, ставка 423 потставка 423112, раздел 33004, Програма 12 ставка 401 потставка 401213, ставка 402 потставка 402311, раздел 36001 Програма 12, ставка 401 потставка 401111, ставка 402 потставката 402512, разделот 38001 Програма 16 ставка 424, потставка 424311, ставката 402, потставка 402511, раздел 38006, Програма 16 ставка 424 потставка 424311, ставка 424 потставка 424522, потставка 422112 и на разделот 150020 Програма 11 ставка 443 потставка 443419, потставка 443422, ставка 463 потставка 463218 и на ставката 7411 по кои Владата на Република Македонија не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на овие раздели кои ги прочитав, да не ги читам повторно, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Пред да започне расправата ако може да се даде едно објаснување од предлагачот на амандманот, имено, во раздел 04001 износот е  1.475.000 кој се

заменува и од 203 илјади се зголемува на 204 илјади. Дали се работи за печатна грешка или се работи само за илјада денари во цеалта измена на амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се работи за илјада денари во таа потпозиција, инаку, има многу потставки кои се балансирани меѓусебно на тие два листа што ги имате. Во таа потставка се работи само за илјада денари, меѓутоа, има уште сто.

За збор се јави заменикот на министерот за финансии Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Овде се работи само за усогласување во заокружувањето. Ако ги погледнете износите понатаму ќе го констатирате тоа, се работи само за усогласување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор г-динот Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ;

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека амандманот се прифати, констатирам дека тој е составен дел на Предлогот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15020 Програма 11, ставка 443 потставка 443419, потставка 443422, ставка 463 потставка 463218 и на ставка 7411, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор г-динот Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ;

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека амандманот се прифати, констатирам дека тој е составен дел на Предлогот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Молам, дали некој бара збор по текстот на Предлогот? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогто за изменување и дополнување на Буџетот за 2002 година го ставам на галсање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 62 за, воздржано 3 и против нема.

Констатирам дека Собранието ги донесе Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Преминуваме на Третата точка од дневниот ред - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи на јавните потреби за 2002 година.

Предлогот на закон Ви е поделен.

Воведното излагање го слушнавме од г-динот Петар Гошев минатиот пат.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 62 за, 3 воздржано и 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи на јавните приходи за 2002 година.

Преминуваме на Четвртата точка од дневниот ред - Предлог на програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година.

Предлогот на програмата Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 61 за, 4 воздржано и 1 гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства остварени од приватизација со општествен капитал за 2002 година.

Благодарам на претставниците на Министерството за финансии за нивното присуство.

Преминуваме на Петтата точка од дневниот ред - Предлог за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Ве м олам да го повикате претставникот на Владата за оваа точка, а тој е тука во Собранието.

Господинот Шатку мислам дека влезе во салата, тој е претставник на Владата, Ве молам да го повикате да влезе.

(Претставникот на Владата влегува во салата).

Предлогот на законот е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Со оглед дека се работи за итна процедура, одиме веднаш на разгледување на текстот на Предлогот на законот.

Мола, дали некој бара збор?

Има збор г-ѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на РМ, почитувани колеги пратеници,

Измените на Законот за енергетика, кои се денес пред нас, внесуваат значителни измени во начинот на стопанисување во електроенергетскиот сектор и во енергетскиот сектор воопшто. Заради тоа, ја користам оваа прилика да го потенцирам нивното значење.

Од економска гледна точка има само една полоша работа од државниот монопол, а тоа е викаат приватниот монопол. Изгласувањето денес на измените на Законот за енергетика, кои се пред нас, значи почеток на крајот на последните монополи во оваа земја, а тоа се монополите на електрична енергија и на гасот.

Со предлагање на овие измени во Законот за енергетика, Владата на РМ се откажува пред се од своето право да ги одредува тарифните системи во енергетиката и да ги одредува цените на енергијата и со тоа веднаш создава услови за отпочнување на тргување со овие видови на енергенси.

Предмет на измените на Законто за енергетика во суштина се основање на Регулаторна комисија во областа на енергетиката, која презема улога на арбитер во оваа област. Покрај донесувањето на тарифните системи и донесување на цените на одделни видови енергенси, кои произлегуваат од тарифните системи и Методологијата за одредување на цените, оваа Комисија исто така ќе има право

изадолжение да издава, изменува и одзема лиценци на одделни извршители во оваа област во енергетиката. Понатаму како една од нејзините по значајни функции ќе биде потребата да се грижи за унапредување на конкурентниот пазар на енергија и , меѓу другото, од нејзините надлежности, она што сакам да го нагласам , тоа е нејзиното задолжение да се грижи за правата на корисниците на енергијата односно за правата на потрошувачите.

Со внесување на овие измени, односно со предавање наовие задолженија на Регулаторната комисија, нашиот Закон за енергетика веќе се става во еден од најмодерните или најлибералните закони за енергетика во еврото. Тоа е значајно да се потенцира.

Друга битна работа во врска со оваа Комисија е таа да остане политички независна, значи да се издвои стопанисувањето во енергетиката од политиката. Политичката независност на Регулаторната комисија во овој случај се обезбедува со циклично изменвуање на членовите на Регулаторната комисија, кои се вкупно пет, так ашто во првиот состав оделни членови на Комисијата се именуваат на една, две и т.н. години, претседателот на Регулаторната комисија се именува на пет години. Притоа се нагласува во еден член дека оделни членови на Регулаторната комисија во минатото може да припаѓале на политички партии, меѓутоа, во еден момент, во одреден состав на Регулаторната комисија не сме повеќе од двајца членови да биле порано членови на иста партија.

Одвојвуањето на политиката од енергетиката е значаен фактор за да можеме да привлечеме странски инвестиции во оваа област во земјата. Познато е дека оваа обалст бара огромни средства за инвестиции и јас бев вчера во можност да слушнам на еден состанок од претставници на една европска финансиска институција дека не можеме да очекуваме нивни инвестиции во земјата се додека не го направиме ова, односно како прв услов за нивно инвестирање тука се наведува стартувањето на Регулаторната комисија и се наведува потребата од донесување на тарифни ставови, тарифни системи, кои ќе обезбедат независност на оделните играчи од политикат ана државата.

На независната Регулаторна комисија во енергетиката оној момент кога ќе биде донесена и претстои огромна работа да донесе голем број на подзаконски акти од својата област. Меѓу другите акти, да го нагласам и подзаконскиот акт кој треба да го донесе за условите за пристапување кон мрежата, за приклучување кон мрежата, кој ќе обезбеди непречен пристап на сите производители на енергијата во

мрежата. Значи, треба да овозможи услови за конкурентно стопанисување во таа област.

Откако ќе биде завршен тој процес на донесување на подзаконските акти кои се очекуваат од Регулаторната комисија, ние веќе ќе бидеме подготвени да учествуваме во регионалниот пазар на електрична енергија и нормално, како што учествуваме во регионалните пазари на другите видови енергија.

Само да потсетам минатиот месец во Атина ние потпишавме меморандум за разбирање дека ќе работиме во земјата да овозможиме услови за пристапување кон регионалниот пазар на електрична енергија. А, оваој пазар треба понатаму од 2005 година кога ќе профункционира, да стане дел од заедничкиот европски пазар на електрична енергија. Можеби, тоа ќе биде едно од првите вклучувања рамноправно на нашава држава во европските институции.

Понатаму, донесувањето на мрежните кодови или таканаречени правила за приклучување на мрежата, ќе овозможат транспарентно стопанисување во оваа област. Тоа е, исто така, многу битно за, покрај привлекување на странските инвестиции, воопшто за климата на стопанисување во областа. Дури, откако ќе биде целата таа работа завршена, дури тогаш може да се пристапи на приватизација на одделни делови од системот или на целиот електроенергетски систем, за што ние тука како Собрание секако ќе имаме можност да разговараме. Тоа е еден логичен след на настаните, кој што во минатиот состав на Владата и на Собранието се настојуваше да биде прескокнат. Имено, со измените на Законот за енергетика кои што минатата Влада ги предлагаше, се предлагаше еден обратен процес, најпрво да се изврши приватизација, а потоа основање на комисија и донесување на сите овие законски акти.

Изгласувањето на Регулаторната комисија во областа на енергетиката, нејзиното профункционирање, подзаконските акти кои што таа треба да ги донесе, ќе претставуваат засекјогаш отстранување на опасноста од формирање на приватен монопол во оваа област. Што значи, да не ни се случи повторно да ги гледаме цистерните на Макпетрол од онаа страна на границата, да не не може да се внесе енергија или да се избегнат маратонските преговори на Телекомот во услови за приклучување на втор мобилен оператор во земјата. Вакви сцени нема да бидат доживеани во енергетиката. Никој не смее да врши уценување на потрошувачите на енергија во оваа земја од позиција на приватен монопол. Тоа е едно од првите исполнувања на предизборните ветувања и заради предностите кои што ги ветува

при своето функционифрање, предлагам овој закон да биде со задоволство усвоен во Собранието.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ.

Благодарам на госпоѓа Борозан.

Збор има господинот Љубисав Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Господине претседателе, оваа област енергетиката е една од најзначајните области во нашата држава и таа може слободно да се каже дека се наоѓа во една исклучително тешка состојба, затоа што многу малку се градат нови енергетски системи, а тие веќе изградените се во голема мера застарени.

Настојувањето на Владата да побегне од една ваква крупна област преку која до сега, главно, во голема мера ја решаваше социјалата, практично е пренесување на проблемите во еден друг дел, а влијанието останува во погполна мерка. Така што Владата повеќе не ќе може да се напаѓа за тоа што ги зголемува цените, тарифите и тн., туку сега ќе биде на едно друго место каде што тие напори се вложуваат. Тоа што се вели дека ќе се елиминира монополот, со ништо неможе да се потврди. Монополите елиминираат, ако не сте сами на пазарот, ако имате повеќе системи да постојат, незавнисни еден од друг, системи кои ќе се конкурираат меѓу себе. Монополот не се елиминира со тоа што ќе се пренесат прерогативите, местото на одлучување и тн. на друго место.

Меѓутоа, користам прилика да кажам дека ние длабоко заостануваме во развојот на енергетиката. Дали таа ќе биде како што беше со Владата и одговорна Владата за енергетиката или сега тоа ќе се пренесе на друго место, тоа е исто. Но, јасно е дека денеска во светот се прават крупни промени. Многу малку земји во светот се кои енергетските системи ги приватизираат. И, тоа такви земји, како што е една голема Британија, една Франција и тн., како и многу земји кои веќе пристапиле кон такви приватизации на јавни претпријатија, па се враќаат назад затоа што тоа се покажало како многу неуспешно. Според тоа и натаму државите играат значајна улога во развојот на енергетските системи. Нешто крупно се случува во оваа област во светот во друга насока. Во развојот на таканаречените зелени енергии. Јас тоа прашање го покренувам овде и сега, затоа што расправаме за една таква област. Веќе многу земји, меѓу кои Австрија, Германија и тн. донесоа закони и одлуки повеќе нуклеарните централи за неколку десетина години не функционираат и не

произведуваат енергија. Денеска во светот на големо се расправа полека да се затвораат и термоцентралите на фосилни горива, како што е јагленот. Бидејќи ние не располагаме ни со некакви резерви на јаглен, позначајни, а не располагаме од еден аспект, затоа што постојните резерви се веќе при крај со експлоатацијата, а не постои повеќе фонд за истражување на минерални суровини, какви што ги имаме, нови не се откриваат. Не, набрзо ќе западнеме во енергетска криза. Јас како стопанственк такви кризи досега сум доживеал неколку пати. Веројатно, многу и од вас тука, кога цели градови се исклучувани од струја и тн. Според тоа, Владата неможе да побегне од оваа така да кажам црна судбина на енергетиката во Македонија. Таа произлегува од тоа што ние немаме стратегија за развој на енергетиката во државата. Сега, се повеќе светот се ориентира на таканаречени зелени енергии. Тоа се енергии кои што не ја загадуваат атмосферата, тоа се енергии кои се добиваат од водените токови, од акумулациите, тоа се енергии што се добиваат од ветерот, од геотермалните води, тоа се енергии од сончевата енергија и тн. Кај нас ниту постои таква една студија, анализа, ниту за тоа се размислува. Кај нас се е мегаломанско. Има голем број мали извори на енергија што можат да се искористат во насока на зелените енергии или да се замени електричната енергија со геотермалната енергија или да се поставaт многу мали хидроелектрани на многу места, со многу малку средства, па ако сакате и на огромен број на водоводи, каде што има доволно водена маса, а нарочно има огромни висински разлики. И, тука мора Владата да не се исклучува, туку потполно да се вклучи да се изгради таа енергетска стратегија за развој на енергетиката во Македонија.

Во таа насока сакам посебно да укажам дека мора да се поврати фондот за истражување на минерални и енергетси суровини. Тој фонд додека постоеше ки додека имаше сигурни средства на финансирање, тој практично обезбеди и најголемиот развој на Македонија. Тоа е периодот од 1965 година, па до 90-тите години. Тој фонд треба да се наоѓа во Министерството за економија и таму мора да постои посебен сектор кој ќе се занимава со оваа проблематика. Затоа, брзо ние мораме да работиме на практично изнаоѓање на енергетски решенија. Македонија, меѓу другото, е едно подрачје каде што има огромна геотермална енергија, но тоа неможе да го прават само субјектите во Македонија, стопанските организации, тука мора да постои една поширока политика на заедницата за разрешување на овој проблем. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ :

Благодарам.

Повторно за збор се јави Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Само кратка реплика на господинот Иванов. Имено, ја ценам неговата дискусија во прилог на унапредување на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Тоа е приоритет нагласен посебно денеска во Европа, па и во нашава држава, меѓутоа, сакам да напоменам дека ниту државната стратегија за енергетика, ниту искористувањето на обновливи извори на енергија не се предмет на овие измени на закони. Имено, механизам за унапредување на искористувањето на изворите на енергија, може да го има Владата, со тоа што ќе дава субвенции за искористување на овие извори. Додека, Регулаторната комисија ќе биде на место, значи ќе постои за да овозможи рамноправни услови на учество на пазарот на сите производители на енергија. Ако државата смета дека некои се покорисни од другите, треба да ги субвенционира одделно и со тоа ќе води државна политика во енергетиката.

Исто така, само да спомнам, слушнавме дека е многу тешко да се отстрани монополот. Со тоа секако се сложувам со господинот Иванов, меѓутоа, ако е многу тешко да се отстрани монополот во една дејност, не значи дека воопшто не треба да се обидеме поготово кога тоа е наша обврска како дел од Европа, како земја од Европа.

Исто така, сакам а нагласам дека во неговата дискусија повторно се поистоветуваат развивањето на монополот и приватизацијата. Развивањето на монополот е една работа, а приватизација на претпријатието во државна сопственост е сосема друга работа. Оваа Влада, колку што јас можам да проценам, према постапките кои што ги поведува, приватизацијата може да ја користи во некоја завршна фаза, меѓутоа само како начин за покачување на ефикасноста во работењето на претпријатијата во својата сопственост, а не како начин на решавање на проблемите во таа гранка воопшто. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Иванов бара реплика.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Еве, за прв пат се сложувам, затоа што и немаше реплика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претрест.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници.

За гласале 61 пратеник, двајца пратеници се воздржале од гласање и двајца гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,10 часот).